**ПРЕДЛОГ НА**
**ЗАКОН ЗА МЕТРОЛОГИЈАТА (*)[1]**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

(1) Со овој закон се уредува метролошкиот систем во Република Северна Македонија, организацијата, делокругот на работа и раководењето со Бирото за метрологија, законските мерни единици; еталоните; референтните материјали; условите за ставање во прометот и употребата на мерилата; обврски на економските оператори, оцената на сообразност на мерилата; верификација на мерилата; ознаките и сертификатите за сообразност на типот на мерилата; тестирање на квалитетот на течните горива, надзорот, како и други прашања од значење за метролошкиот систем.

(2) Со овој закон се уредуваат и специфичностите во правата, обврските и одговорностите на метролошките службеници, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на учинокот, кодексот на однесување, наградите и признанијата, како и финансирањето на Бирото за метрологија.

### Член 2

Одделни изрази што се употребуваат во овој закон го имаат следново значење:
1) „Метрологија“ е наука за мерењето;
2) „Мерна единица“ е вредност од некоја големина, дефинирана да има бројна вредност еднаква на еден (1);
3) „Законска мерна единица“ е мерна единица чија употреба е воведена и дозволена со овој закон;
4) „Мерен еталон“ (во натамошниот текст: еталон) е материјализирана мера, мерило, или мерен систем наменет да дефинира, остварува, чува или репродуцира единица или една или повеќе вредности на големината, со цел да служи како референца;
5) „Национален еталон“ е референтен еталон, признат да служи во Република Северна Македонија како основа за утврдување на вредности на други еталони од истата големина;
6) „Референтен еталон“ е еталон со најголема точност, кој обезбедува најмала мерна неодреденост за дадената физичка големина;

[1] Овој закон се усогласува со Директивата 2014/31/ЕУ на Европскиот Парламент и Советот од 26 февруари 2014 за усогласување на законите на земјите-членки кои се однесуваат на ставање на располагање на пазарот на неавтоматски инструменти за мерење CELEX бр.32014L0031, Директивата 2014/32/ЕУ на Европскиот Парламент и Советот од 26 февруари 2014 за усогласување на законодавството на земјите-членки поврзани со пласирање на мерила на пазар CELEX бр.32014L0032, Директивата 2007/45/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 5 септември 2007 година за утврдување правила за номинални количини за претходно пакувани производи, за укинување на Директивите 75/106/ЕЕЗ и 80/232/ЕЕЗ на Советот и за изменување и дополнување на Директивата на Советот 76/211 /ЕЕЗ CELEX бр.32007L0045 и Регулативата бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар и за укинување на Директивата 1999/93 ЕЗ (eIDAS) CELEX бр. 32014R0910.

7) „Калибрација“ е збир на постапки со кои се воспоставува однос меѓувредностите на големината што ја покажува мерилото или мерниот систем, или вредностите што ги претставува материјализирана мера или референтен материјал со соодветни вредности на остварените еталони, во определени услови;
8) „Следливост“ е особина која има за цел мерните резултати на еталоните или мерилата да се доведат во врска со одредени референци, обично со националните или меѓународните еталони, со посредство на непрекинат синџир на споредување кои имаат назначена неодреденост.
9) „Тестирање“ е техничко делување кое опфаќа одредување на една или повеќе квалитативни својства на некој производ, материјал или опрема, предмет, физички феномен, процес или услуга, дадена според некоја посебна процедура.
10) „Референтен материјал“ е материјал, доволно хомоген и стабилен во однос на едно или повеќе специфицирани својства, за кој е утврдено дека е погоден за неговата намена во мерниот процес;
11) „Сертифициран референтен материјал“ е референтен материјал кој се одредува со метролошки валидна процедура за едно или повеќе специфицирани својства, придружена со сертификат за референтен материјал, кој ја дава вредноста на наведеното својство, неговата придружна несигурност и изјава за метролошка следливост;
12) „Мерило“ е мерен инструмент или систем наменет за мерење, компоненти на мерни инструменти, додатни инструменти или мерна опрема;
13) „Категорија на мерила“ претставуваат мерила кои мерат иста физичка големина;
14) „Вид на мерила“ претставуваат мерила кои на ист или сличен принцип мерат иста физичка големина;
15) „Тип на мерило“ претставуваат мерилата од ист производител што имаат слични карактеристики во поглед на намената, начинот на употребата, принципот на конструкцијата, обликот, составните делови, материјали и метролошки својства, а можат да се разликуваат во мерниот опсег и номиналните вредности;
16) „Верификација“ е збир на постапки кои ги врши Бирото за метрологија или правно лице овластено од страна на министерот за економија, со цел утврдување и потврдување дали мерилото е во сообразност со пропишаните метролошки услови, согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон. Верификацијата опфаќа метролошки преглед и жигосување, како и издавање на сертификат за верификација, на барање на клиентот.
17) „Жигосување“ е збир на постапки чија цел е на мерилото да се стават ознаки со кои се потврдува дека мерилото ги задоволува прописите и другите акти за верификација. Одредени делови од мерилото кои можат да влијаат на метролошките особини, се жигосуваат за да ги заштитат од промена или замена по извршената верификација;
18) „Метролошки надзор“ над количините и ознаките на количините на пакуваните производи е метролошка контрола на количините, начинот на означување на количините и дозволените отстапувања од означената количина и листата на номиналните количини на пакуваните производи, согласно овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.
19) „Стручен надзор“ е надзор по однос на употребата на законските мерни единици, исполнетоста на условите за остварување чување и одржување на националните еталони, пуштање во промет на мерилата и количините и ознаките на количините на пакуваните производи, како и надзор над работата на субјектот каде се наоѓаат мерилата, овластените правни лица за верификација и подготовка за верификација;
20) „Пакувани производи“ се производи во тврда, течна и гасовита состојба, во проверено пакување, кои се спакувани во отсуство на купувачот и чија квантитативна содржина не може да биде променета без да се отвори или промени пакувањето. Течности може да се пакуваат во шишиња од стакло или материјал со иста стабилност и цврстина што се употребуваат како мерни садови.
21) „Економски оператори“ се производителот, овластениот застапник, увозникот, дистрибутерот, даватели на услуги ии кое било друго физичко или правно лице кое има

обврски во врска со производството на мерила, овозможување на достапност на пазарот или пуштање во употреба во согласност со важечките прописи;

22) „Производител“ е секое физичко или правно лице кое го произвело мерилото или кое го дизајнирало и произвело мерилото и го пуштило во промет под сопствено име или трговска марка и е одговорно за сообразноста на мерилото со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

23) „Овластен застапник“ е секое физичко или правно лице што е регистрирано во Република Северна Македонија или во Европската унија кое добило писмено овластување од производителот да дејствува во негово име и за негова сметка при извршување на определени задачи во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

24) „Увозник“ е секое физичко или правно лице што е регистрирано во Република Северна Македонија кое на пазарот пласира мерило од друга земја;

25) „Дистрибутер“ е секое физичко или правно лице кое учествува во синџирот на набавки и овозможува достапност на мерилото на пазарот, а кое не е производител ниту увозник;

26) „Пуштање во промет“ е активност со која мерилото наменето за крајниот корисник станува за прв пат достапно во Република Северна Македонија или во Европската унија,

27) „Ставање во употреба“ е прва употреба на мерилото од страна на крајниот корисник во Република Северна Македонија или во Европската унија, во согласност со неговата намена.

28) „Техничка спецификација“ е документ кој содржи технички барања кои треба да ги исполнува одредено мерило, процес, услуга или систем;

29) „Стандард“ е документ подготвен со консензус и усвоен од страна на тело за стандардизација, со кој заради заедничка и повторлива употреба, се обезбедуваат правила, упатства и карактеристики за определени активности или резултати од тие активности, чија цел е постигнување најповолен степен на уреденост во определено подрачје;

30) „Македонски стандард“ е стандард усвоен од Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија;

31) „Хармонизиран стандард“ е европски стандард усвоен од страна на Европските организации за стандардизација (CEN, CENELEC или ETSI), набарање на Европската комисија и објавен во Службен весник на Европската Унија како хармонизиран стандард, со кој се дава претпоставка за сообразност на производот, услугата, процесот или системот со барањата на релевантното европско хармонизирано законодавство и истите се преземени и усогласени од страна на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија;

32) „Нормативен документ“ е документ кој содржи технички спецификации, усвоени од Меѓународната организација за Законска метрологија (OIML):

33) „Законска метролошка контрола“ е контрола над мерните задачи во подрачјето на употреба на мерилата, согласно овој закон и прописите донесени врз основа на овој и друг закон, заради заштита на јавниот интерес, јавното здравство, јавната безбедност и јавниот ред, заштита на животна средина, заштита на потрошувачите, прибирање на јавните давачки, како и чесната трговија.

34) „Акредитација“ е потврдување од страна на националното тело за акредитација дека определено тело за оцена на сообразност ги задоволува барањата кои се потребни за вршење на одредена дејност за оцена на сообразност, предвидени со хармонизираните стандарди и со одредбите од овој закон и каде што тоа е применливо со сите дополнителни барања вклучително и оние предвидени во релевантните технички прописи и секторски шеми за акредитација, потребни за вршење на специфична дејност за оцена на сообразност;

35) „Национално тело за акредитација“ е Институтот за акредитација на Република Северна Македонија кој е формиран и работи согласно со прописите од областа на акредитацијата;

36) „Оцена на сообразност“ е секоја активност со која се утврдува дали мерилото или процесот на производство на мерилото е усогласен со пропишаните технички барања;
37) „Тело за оцена на сообразност“ е тело кое ги извршува активностите за оцена на сообразност, вклучувајќи ги и активностите за калибрација, тестирање и испитување, сертификација и инспекција-проверка;
38) „Овластено тело за оцена на сообразност“ е тело за оцена на сообразност со седиште во Република Северна Македонија кое е овластено за вршење на оцена на сообразност од Министерството за економијасогласно со овој закон и техничкиот пропис;
39) „Нотифицирано тело“ е овластено тело за оцена на сообразност пријавено во Европската комисија и земјите-членки на Европската Унија согласно со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;
40) „Отповикување“ значи секоја преземена мерка која има за цел повлекување на мерило пуштено на пазарот, односно дадено на користење на краен корисник.
41) „Повлекување“ значи секоја преземена мерка од синџирот на мерки насочена кон спречување на пласирање на пазарот,
42) „Ознака за сообразност“ е ознака со која производителот означува дека мерилото е во согласност со применливите барања утврдени во техничките прописи со кои се предвидува употребата на таа ознака и
43) „CE ознака“ е ознака со која производителот означува дека мерилото е во согласност со барањата за сообразност утврдени со овој закон и европското хармонизирачко законодавство, со кое се предвидува употребата на ознаката.

**Член 3**

(1) Целта на овој закон е да се обезбеди:

1. унифицирана употреба на законски мерни единици;
2. единствено мерење во Република Северна Македонија и доверба во резултатите од мерењата;
3. заштита на јавниот интерес;
4. заштита на јавниот ред;
5. заштита на здравјето на луѓето,
6. заштита на животната средина;
7. заштита на потрошувачите;
8. општата техничка безбедност;
9. прибирањето даноци и други давачки и
10. чесна и слободна трговија на стоки и услуги .

(2) Заради остварување на целите од став (1) на овој член, за сите мерила се дефинира и обезбедува следливост до меѓународните еталони или до националните еталони на другите држави.

## II. БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА

### 1. Општа одредба

**Член 4**

(1) Биро за метрологија (во натамошниот текст: Биро) е е орган на државната управа во состав на Министерството за економија (во натамошниот текст: министерство), со својство на правно лице.

(2) Седиштето на Бирото е во Скопје.

(3) Средствата за финансирање на Бирото се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и од наплатениот надомест за услугите кои ги врши Бирото.

## 2. Делокруг на работа, организација и раководење

### Член 5

Бирото ги извршува работите и задачите од областа на метролошкиот систем на Република Северна Македонија, кои се однесуваат на:

1. стручен надзор над употребата и начинот на пишувањето на законските мерни единици;
2. обезбедување на следливост, и остварување, чување и одржување на националните еталони и сертифицираните референтни материјали;
3. калибрација на еталони и мерила;
4. тестирање на квалитетот на течните горива;
5. оцена на сообразноста на мерилата со суштествените барања;
6. верификација на мерилата;
7. стручен надзор над работењето на правните лица овластени за извршување на периодична и вонредна верификација на одреден вид на мерила;
8. постапка за регистрација за признавањето на важноста на ознаките и сертификатите за сообразност на типот на мерилата и ознаките и жиговите, односно сертификатите за верификација на мерилата од странско потекло;
9. метролошки надзор над количините и означувањето на количините на пакуваните производи;
10. стручен надзор над примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој и други прописи поврзани со мерилата;
11. соработка со надлежни тела за метрологија на други држави и проучување на метролошките системи;
12. следење и примена на меѓународните договори од областа на метрологијата;
13. постојан тренинг и едукација на вработените во Бирото;
14. дефинирање на работите и задачите на метролошкиот совет и учество во неговата работа;
15. консалтинг услуги и обуки за потребите на правните и физичките лица кои вршат промет или употреба на мерила;
16. соработка со инспекциски органи и
17. други работи и задачи во врска со спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

### Член 6

Бирото работите од својата надлежност ги извршува во рамки на организационите единици утврдени согласно актите за внатрешна организација и систематизација на работните места кои ги донесува директорот на Бирото.

### Член 7

(1) Со Бирото раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата) на предлог на министерот за економија.
(2) Директорот на Бирото се именува за период од четири години со можност за последователно продолжување на мандатот уште еднаш.

(3) За именување на директорот на Бирото се објавува јавен оглас во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат е на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик и трае 15 дена од денот на објавувањето.
(4) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови, и тоа:
1. е државјанин на Република Северна Македонија;
2. во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3. има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
4. има најмалку пет години работно искуство;
5. да поседува сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење;
6. поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода и
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

(5) На директорот му престанува мандатот:

1. со истекот на мандатот;
2. по негово барање;
3. со разрешување од Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за економија;
4. доколку не е во можност да ја извршува функцијата поради телесна или ментална неспособност која трае подолго од три месеци;
5. со исполнување на условите за пензија и
6. во случај на смрт.

**Член 8**

(1) Министерот за економија три месеца пред истекот на мандатот на директорот донесува одлука за распишување на јавен оглас за именување на директор на Бирото.
(2) Во објавениот јавен оглас се утврдуваат условите кои треба да ги исполнува кандидатот за директор, потребната документација и времетраењето на конкурсот.

**Член 9**

(1) Директорот го претставува и застапува Бирото.
(2) Директорот обезбедува услови за ефикасна примена на законите и прописите кои се однесуваат на работниот однос на вработените во Бирото, ги донесува актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во Бирото и други акти на Бирото кои се однесуваат на работниот однос на вработените, донесува годишни планови за вработување на метролошките службеници и решава за правата од работен однос на метролошките службеници согласно со овој закон.
(3) Директорот е надлежен за донесување на актите во првостепена управна постапка и оперативните инструкции во писмена форма од сите области на метролошкото работење.
(4) Директорот при одлучување за вработување треба да обезбеди правична и соодветна застапеност од сите заедници кои живеат во Република Северна Македонија, без да се нарушат критериумите на стручност и компетентност.

(5) Директорот е надлежен за започнување на постапка за откривање на случаи на несоодветно однесување или прекршување на должностите од страна на вработените во Бирото и за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.
(6) Директорот може во писмена форма да пренесе одделни негови надлежности на раководни службеници во Бирото.

**Член 10**

(1) Заради одржување и развој на метролошкиот систем во Република Северна Македонија, Владата, на предлог на Бирото по претходно добиена согласност од министерството, донесува Годишна програма за одржување и развој на метролошкиот систем.
(2) Во годишната програма од ставот (1) на овој член се утврдуваат начинот на остварувањето на следливоста на мерните единици и нивна дисеменација и финасиските средства потребни за нејзино реализирање.
(3) За спроведувањето на Годишната програмата од ставот (1) на овој член, Бирото преку министерството, поднесува извештај за информирање на Владата, најдоцна до 31 март во тековната за претходната година.

**Член 11**

(1) Бирото членува и ја претставува Република Северна Македонија во меѓународните и регионалните организации од областа на метрологијата, соработува со нив и учествува во нивната работа.

(2) Бирото е надлежен орган во Република Северна Македонија за соработка и размена на информации во врска со мерилата со надлежните органи на државите членки на Европската унија и со Европската комисија.

**3.Метролошки совет**

**Член 12**

(1) Министерот за економија, на предлог на Директорот на Бирото, формира Метролошки совет (во натамошниот текст: Совет), кој претставува стручно и советодавно тело на Бирото од областа на метрологијата.
(2) Советот е составен од претседател и осум членови, кои со решение ги именува министерот за економија, кои имаат стручни познавања од областа на метрологијата, при што се запазува и принципот на рамноправна застапеност .
(3) Претседателот и членовите на Советот се именуваат за време од четири години.
(4) За работата во Советот, на претседателот и на членовите им следува паричен надоместок, врз основа на учество за работа на седници и изготвените стручни мислења и предлози, кој не смее да го надмине износот од една половина од една просечна месечна бруто-плата исплатена по работник во Република Северна Македонија, објавена во јануари во тековната година, според податоците од Државниот завод за статистика
(5) Начинот на работа на Советот поблиску се уредува со Деловник за работа.
(5) За своето работење Советот најмалку еднаш годишно поднесува извештај до министерот за економија.

### 4. Посебни должности и овластувања на метролошките службеници

**Член 13**

(1) Метролошките службеници се административни службеници кои засновале работен однос во Бирото за вршење на административни и стручни работи за кои е надлежно Бирото.
(2) Метролошките службеници од ставот (1) на овој член, се лица со посебни должности и овластувања, определени со овој или со друг закон.
(3) Метролошките службеници се овластени да спроведуваат постапки и работи од областа на метрологијата, метролошкиот систем и метролошки стручен надзор согласно овој закон и други закони.

**Службена легитимација**
**Член 14**

(1) Метролошкиот службеник за вршење на задачите и работите на метролошки стручен надзор има службена легитимација.
(2) Службената легитимација која ја издава директорот на Бирото се обновува на секои десет години.
(3) Службената легитимација се издава на македонски јазик и неговото кирилично писмо, а доколку лицето на кое му се издава службената легитимација зборува јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, истата му се издава на македонски јазик и неговото кирилично писмо и на јазикот кој го зборува и неговото писмо.
(4) При обнова на легитимацијата, метролошкиот службеник е должен да ја врати старата легитимација на издавачот и да задолжи нова легитимација.
(5) Во случај на откажување на договорот за вработување, односно суспензија, метролошкиот службеник е должен да ја врати легитимацијата во Бирото.
(6) Доколку во случај на суспендирање биде донесено решение за враќање на работа, метролошкиот службеник повторно се задолжува со легитимацијата.
(7) Министерот за економија, на предлог на директорот на Бирото, ги пропишува формата, содржината, начинот на издавање и на одземање на службената легитимација на метролошките службеници.

**Член 15**

(1) Метролошките службеници се овластени за:
1. калибрација на еталоните и мерилата:
2. меѓулабораториска споредба на еталони и мерила;
3. оцена на сообразност на типот на мерилата;
4. оцена на сообразност на мерилата со суштествените барања;
5. испитување на типот на мерилата;
6. тестирање на квалитетот на течните горива;
7. верификација на мерилата;
8. регистрација на ознаките и сертификатите за сообразност на типот на мерилата;
9. метролошки надзор над количините на ознаките на пакуваните производи
10. стручен надзор над употребата и начинот на пишувањето на законските мерни единици;
11. стручен надзор над исполнетоста на условите за овластување на правните лица,
12. стручен надзор над работењето на правните лица овластени за извршување на периодична и вонредна верификација на одреден вид на мерила и

13. консалтинг и обука за потребите на правните и физичките лица кои вршат промет или употреба на мерила.

(2) Метролошките службеници покрај овластувањата од ставот (1) на овој член се должни:
1. работните задачи да ги врши совесно, стручно, ефикасно, уредно и навремено, во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, закон и други акти на Бирото;
2. да ја вршат својата работа непристрасно и без влијание од страна на политичките партии, да не се раководи од свои политички уверувања, од лични финансиски интереси, да не ги злоупотребува овластувањата и статусот на вработен и да го штити угледот на Бирото:
3. да ги извршуваат наредбите од непосредно претпоставениот раководител и да постапува по нив, во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, закон и друг акт;
4. во согласност со закон и прописите на Бирото, по барање на заинтересираните лица, да даваат информации заради остварување на нивните права и обврски, освен информации кои претставуваат класифицирана информација или деловна тајна;
5. да не користат привилегии, ниту да бараат и да примаат материјална или друга корист при исполнување на своите работни задолженија и обврски;
6. да го усовршуваат своето знаење заради унапредување на професионалните барања со постојано почитување и применување на прописите за вршење на своите службени должности,
7. да го почитуваат пропишаното работно време;
8. опремата која им е дадена на користење за извршување на неговите должности и работни задачи да ја употребува правилно и како добар домаќин во согласност со нејзината намена и истата да не ја користи во приватни цели и
9. да се однесуваат во согласност со Кодексот на однесување на Бирото и пропишаните правила за ред и дисциплина на Бирото.

**Член 16**

Вработените во Бирото ги имаат следните права:
1. на загарантирана работа на која е склучен договор за работа во согласност со овој закон:
2. да е заштитен од страна на надлежни органи во извршувањето на своите должности:
3. на работни услови соодветни за извршување на службените должности:
4. да се пријави за слободно работно место од повисок ранг:
5. при остварувањето на своите работни права да бара заштита од надлежен суд, синдикат или друг надлежен орган во согласност со закон:
6. на плата и надоместоци:
7. на одмор, отсуства и слободни денови;
8. на стручно оспособување и обука во согласност со потребите на Бирото и
9. да основа и да биде член на синдикат и стручни организации во согласност со закон.

**Член 17**

(1) Прашањата во врска со работниот однос на метролошките службеници се уредуваат со овој закон. За сите прашања кои не се уредени со овој закон се применуваат одредбите од законот кој го уредува статусот на административните службеници, како и општите прописи за работни односи.

(2) За вработените во Бирото кои вршат технички и помошни работи, во однос на правата, обврските и одговорностите од работен однос, ќе се применува законот кој го уредува статусот на вработените во јавниот сектор како и општите прописи за работни односи.

## 5. Класификација на работните места во Бирото

### Член 18

Работните места на метролошките службеници во Бирото се класифицираат во три категории, и тоа:

1. категорија Б - раководни метролошки службеници;
2. категорија В - стручни метролошки службеници и
3. категорија Г - помошно-стручни метролошки службеници.

### Член 19

(1) Во рамките на категоријата Б се утврдуваат следниве нивоа на работни места и звања на раководните метролошки службеници, и тоа:

1. ниво Б1, помошник на директорот;
2. ниво Б2 раководител на сектор;
3. ниво Б3 заменик-раководител на сектор и
4. ниво Б4 раководител на одделение.

(2) Раководниот метролошки службеник од категоријата Б треба да ги исполни следниве посебни услови за работното место:

1) стручни квалификации, и тоа:

- за сите од категоријата Б, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен и

2) работно искуство, и тоа:

1. за нивото Б1 најмалку осум години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на работно место во јавен сектор, односно најмалку дванаесет години работно искуство во струката, од кои најмалку четири години на раководно работно место во приватен сектор,
2. за нивото Б2 најмалку седум години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката, од кои најмалку четири години на работно место во приватен сектор,
3. за нивото Б3 најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор и
4. за нивото Б4 најмалку пет години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во приватен сектор.

3) општи работни компетенции за сите нивоа категорија Б од Рамката на општи работни компетенции и

4) посебни работни компетенции:

1. за сите нивоа активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
2. за сите нивоа други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место и

за нивоата од Б1 до Б4 познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

**Член 20**

(1) Во рамките на категоријата В се утврдуваат следниве нивоа на работни места и звања на - стручни метролошки службеници за вршење на задачите и работите на стручен метролошки надзор:

1. ниво В1 советник метролог,
2. ниво В2 виш метролог,
3. ниво В3 соработник метролог и
4. ниво В4 помлад метролог.

(2) Стручниот метролошки службеник за вршење на задачите и работите на метролог од категоријата В треба да ги исполни следниве посебни услови за работното место:

1) стручни квалификации, и тоа:

1. за нивото В1 ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
2. за нивоата В2, В3 и В4 ниво на квалификации VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

2) работно искуство, и тоа:

1. за нивото В1 најмалку три години работно искуство во струката,
2. за нивото В2 најмалку две години работно искуство во струката,
3. за нивото В3 најмалку една година работно искуство во струката или
4. нивото В4 со или без работно искуство во струката;

3) општи работни компетенции за сите нивоа - категорија В согласно со Рамката на општи работни компетенции и

4) Посебни работни компетенции:

1. за сите нивоа - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
2. за сите нивоа - други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место и
3. за сите нивоа познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

**Член 21**

(1) Во рамките на категоријата Г се утврдуваат следниве нивоа на работни места и звања на помошно - стручните метролошки службеници:

1. ниво Г1, самостоен метролошки контролор, самостоен метролошки референт, технички секретар;
2. ниво Г2 виш метролошки контролор, виш метролошки референт;
3. ниво Г3 метролошки контролор, метролошки референт и
4. ниво Г4 помлад метролошки контролор, помлад метролошки референт.

(2) Помошно - стручниот службеник од категоријата Г треба да ги исполни следниве посебни услови за работното место:

1) стручни квалификации: за сите нивоа - стручни квалификации за сите нивоа

- ниво на квалификации V А или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку више или средно образование;

2) работно искуство, и тоа:

1. за нивото Г1 најмалку три години работно искуство во струката,
2. за нивото Г2 најмалку две години работно искуство во струката,
3. за нивото Г3 најмалку една година работно искуство во струката или
4. за нивото Г4 со или без работно искуство во струката.

3) општи работни компетенции: засите нивоа - категорија Г согласно со Рамката на општи работни компетенции и

4) посебни работни компетенции:
1. за сите нивоа - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
2. други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место и
3. активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

## 6. Вработување

### Член 22

(1) Постапката за вработување на метролошките службеници во Бирото се врши согласно со законот кој го уредува статусот на административните службеници.
(2) Покрај општите услови за пополнување на работно место согласно со законот кој го уредува статусот на административните службеници, кандидатот треба да ги исполни посебните услови за соодветното ниво на работно место, согласно класификацијата на работни места на метролошките службеници.
(3) Кандидатот за метролошки службеник полага испит за метролошки службеник во Агенцијата за администрација.
(4) Базата на прашања за стручниот дел ја формира Бирото во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација и Агенцијата, при што најмалку еднаш годишно, истата се ревидира, а ги покрива следниве области:
- уставниот поредок на Република Северна Македонија;
- метролошкиот систем во Република Северна Македонија;
- системот на управно право, управна постапка и управен спор;
- положбата и други општи прашања за вработените во јавниот сектор;
- правата од работен однос на метролошките службеници;
- Кодексот на однесување на Бирото.
(5) Базата на прашања од ставот (4) на овој член е јавно достапна на веб страницата на Бирото и содржи најмалку 500 прашања за кои се посочени прописите од кои произлегуваат прашањата и истата се зголемува за најмалку 10% годишно.

## 7. Распоредување, унапредување, работно време, одмор и обука

### Член 23

(1) Заради остварување на надлежностите на Бирото и поради потребите на службата, метролошкиот службеникот може времено или трајно да биде распореден на друго работно место за кое ги исполнуваат посебните услови.
(2) Времено распоредување може да трае до шест месеци, со можност за продолжување од дополнителни шест месеци, по што вработениот се распоредува на работното место на истото ниво на кое работел пред да биде распореден на поранешното или друго соодветно работно место.
(3) Метролошкиот службеник кој бил распореден има право на:
1. надоместок за превозни трошоци, доколку секој ден патува до друго место,
2. надоместок за трошоци за одвоен живот, доколку службеникот привремено престојува во местото на работење и
3. надоместок за трошоците за селење.
(4) Службеникот кој е распореден по сопствено барање нема право на надоместоците од ставот (3) на овој член.

**Член 24**

(1) Метролошките службеници во Бирото имаат право на унапредување.
(2) Службеникот може со одлука на директорот да биде унапреден на повисоко слободно работно место во рамките на Бирото, за што ќе биде објавен интерен конкурс. Во конкурсот ќе се објават конкретните барања и посебните услови за ова работно место.

**Член 25**

(1) Поради потребите на службата, а по наредба на непосредниот раководител, службениците можат да работат во смени и прекувремено.
(2) Службеникот има право на годишен одмор и други отсуства во согласност со закон и според потребите на Бирото.

**Член 26**

(1) Службеник има право и обврска да биде упатен на обука, во меѓународните и регионалните организации од областа на метрологијата, со кои Бирото соработува и учествува во нивната работа.
(2) Меѓусебните права и обврски на Бирото и службеникот кој е упатен на обука за потребите на Бирото, се уредуваат со писмен договор во кој се утврдува точниот датум до кој службеникот не може да побара престанок на работниот однос, како и неговата материјална одговорност сразмерна на средствата потрошени за реализација на обуката, доколку по негова вина или на негово барање му престане работниот однос пред утврдениот датум.

## 8. Оценување на работата

**Член 27**

(1) Метролошките службеници во текот на своето работење ќе бидат оценувани еднаш годишно, најдоцна до третото тримесечје од следната година за годината којашто изминала. Од извршеното оценување на работата ќе се подготви извештај и ќе се потпише од двете страни. Извештајот за оценување на работата се архивира и се чува во персоналното досие на вработениот.
(2) Службениците кои оправдано отсуствувале од работа подолго од шест месеца во текот на годината (боледување, неплатено отсуство итн.) нема да бидат оценувани.
(3) Оценувањето на службениците ќе се прави врз основа на податоци кои се однесуваат на стручното знаење и способности во работењето, залагањето, постигнатите резултати, креативноста и совесноста при извршувањето на службените должности кои се од голема важност за извршувањето на основните надлежности на Бирото.
(4) Резултатите од оценувањето ќе служат како основа за донесување одлуки за распоредување, унапредување или дисциплинска одговорност на службеникот.
(5) Оценувањето на работата на службеникот може да се врши и во текот на годината пред давањето на годишна оцена, во случаите на прераспределување, унапредување и дисциплинска одговорност.

(6) Службеницитеф кои нема да постигнат задоволителни резултати во работењето, што е рефлектирано и во нивниот извештај за оценување на работењето, ќе имаат право на натамошна обука, како и на поддршка од страна на нивните претпоставени, со цел за своето работење да го доведат на задоволително ниво. Ако не успеат да го постигнат тоа во одредениот рок, ќе се преземат дејствија за нивно отпуштање.
(7) Начинот на спроведување на оценувањето се утврдува со акт донесен од директорот на Бирото.

## 9. Плата, надоместоци и награди

### Член 28

(1) Метролошките службеници имаат право на плата, надоместоци на плата и додатоци на плата. Платата на вработените, надоместоците на плата и додатоците на плата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и од сопствени приходи на Бирото.
(2) Начинот на утврдување на основната плата, надоместоците на плата и на додатоците на плата на метролошките службеници се уредува со колективен договор, а вредноста на бодот на основната плата се утврдува секоја година од страна на директорот на Бирото, по претходна согласност на министерот за економија, во рок од десет дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија, а во рамките на предвидениот буџет и врз основа на вкупниот број на вработените распоредени по соодветните нивоа за тековната година.
(3) Метролошките службеници можат да добиваат додаток на плата до 30%, од основната плата како додаток на редовната плата во текот на месецот за посебната одговорност или постоење на посебни услови за работа која произлегува од работното место кое е од особено значење за ефикасноста на Бирото.
(4) Метролошките службеници може да добијат парични награди најмногу до една просечна месечна бруто-плата исплатена по работник во Република Северна Македонија, која е објавена во јануари во тековната година, според податоците од Државниот завод за статистика за постигнати исклучителни резултати во работењето од областа на метрологијата.
(8) Начинот на наградување на метролошките службеници поблиску го пропишува министерот за економија, а на предлог на директорот на Бирото во согласност со закон и со колективен договор.
(9) За долгогодишна стручна работа, организациски унапредувања, успех во поединечни подрачја на работа во вршењето на работните задачи, подобрување на угледот на службата на вработените во Бирото им се доделуваат признанија и парични награди, во висина од една просечна плата.

## 10.Кодекс на однесување

### Член 29

(1) Службениците треба постојано да ги почитуваат највисоките стандарди на сопствениот интегритет и интегритетот на Бирото во извршувањето на сите активности утврдени со кодекс на однесување.
(2) Кодексот на однесување го донесува директорот.
(3) Кодексот на однесување ги опишува стандардите на однесување кои треба да се почитуваат од сите вработени и дава насоки и упатства за решавање на етичките прашања за оние кои работат во Бирото.
(4) Случаите на однесување спротивно на Кодексот на однесување може да бидат предмет на дисциплински мерки, вклучувајќи ја и мерката за престанок на работен однос со отказ за потешките повреди на однесување.

## 11. Дисциплинска одговорност

### Член 30

(1) Службеникот е лично одговорен за вршењето на работите и работните задачи од работното место.
(2) За повреда на службената должност службеникот одговара дисциплински.
(3) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на службеникот.

### Член 31

На службеникот може да му се прекине договорот за вработување поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на обврските утврдени со закон, колективен договор, правилата и прописите на Бирото, актот за систематизација на работните места во Бирото и договорот за вработување, доколку:

1. не го почитува работниот ред и дисциплина според правилата пропишани од страна на директорот:
2. не ги извршува или несовесно и ненавремено ги извршува работните обврски;
3. не се придржува кон прописите кои важат за вршење на работите на работното место;
4. не се придржува на утврденото работно време, распоредот и користењето на работното време,
5. не побара отсуство или ненавремено писмено не го извести директорот, односно раководителот на организационата единица или друг одговорен работник за отсуството од работа;
6. поради болест или оправдани причини отсуствува од работа, а за тоа во рок од 48 часа писмено не го извести директорот, односно раководителот на организационата единица или друг одговорен работник;
7. со средствата за работа не постапува совесно или во согласност со техничките упатства за работа;
8. настане штета, грешка во работењето или загуба, а за тоа веднаш не го извести директорот;
9. не ги одржува средствата и опремата за заштита при работа согласно со прописите за заштита при работа;
10. предизвикува неред и насилнички се однесува за време на работата;
11. не дава податоци или дава неточни податоци што според прописите им се даваат на овластени органи или граѓани;
12. незаконски или неовластено ги користи средствата на Бирото;
13. избегнува обука;
14. неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година;
15. го злоупотреби боледувањето;
16. не се придржува кон прописите за здравствена заштита, заштита при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и ги повредува прописите за заштита на животната средина;
17. внесува, употребува или е под дејство на алкохол и наркотични средства;
18. стори кражба или во врска со работата намерно или од крајно невнимание ќе предизвика штета на Бирото;
19. одаде класифицирана информација или деловна тајна;
20. го пречекори или злоупотреби овластувањето и
21. постапува спротивно на Кодексот на однесување.

### Член 32

Во случај на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со овој закон, на метролошкиот службеник со решение да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:

1. писмена опомена,
2. парична казна која не може да биде поголема од 30% од последната исплатена месечна нето-плата на работникот, во траење од еден до шест месеца и
3. откажување на договорот за вработување.

### Член 33

(1) Во зависност од степенот на одговорноста на метролошкиот службеник, условите под кои е направена повредата на работните обврски и на работниот ред и дисциплина, поранешната работа и однесување на вработениот, тежината на повредата и нејзините последици, директорот може на вработениот наместо откажување на договорот за вработување да му изрече парична казна, која не може да биде поголема од 30% од последната исплатена месечна нето плата на вработениот, во траење од еден до шест месеци.
(2) Ако на метролошкиот службеник поради сторено кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски му е изречена дисциплинска мерка откажување на договорот за вработување по членот 32 од овој закон, има право на отказен рок во траење од еден месец од денот на врачувањето на решението за откажување на договорот за вработување.
(3) За време на отказниот рок непосредниот раководител е должен на службеникот да му овозможи отсуство од работа заради барање ново вработување, четири часа во текот на работната недела.
(4) За време на отказниот рок и отсуство од работа заради барање на ново вработување на службеникот му се утврдува и исплатува надоместок во висина на платата што службеникот ја остварил во месецот пред донесување на решението за откажување на договорот за вработување.

### Член 34

(1) Решението за изрекување дисциплинска мерка го донесува директорот.
(2) Решението за изрекување на дисциплинската мерка содржи и образложение за основот и причините за изрекување на дисциплинската мерка.
(3) Решението за дисциплинска мерка се врачува лично на службеникот, по правило во работните простории на организационата единица во која работи, односно на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето
(4) Ако службеникот не може да се пронајде на адресата на живеалиштето, односно престојувалиштето или ако го одбие врачувањето, решението се објавува на огласна табла во Бирото. По изминувањето на осум работни дена од објавувањето на огласната табла се смета дека врачувањето е извршено.

### Член 35

(1) Решението за изрекување на дисциплинска мерка на службеникот, директорот е должен да го донесе во рок од шест месеци од денот на пријавувањето на повредата на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, а најдоцна во рок од една година од денот кога е сторена повредата.
(2) Како ден на пријавување се смета денот на поднесување на предлогот за покренување постапка за утврдување на дисциплинска одговорност од овластен подносител.

(3) Кога за сторената дисциплинска повреда е покрената и кривична постапка за службеникот, решението за дисциплинска мерка директорот го донесува најдоцна до истекот на рокот за застареност утврден во законот за стореното кривично дело.

**Член 36**

(1) Против решението за изрекување на дисциплинска мерка, службеникот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението. Жалбата го одлага извршувањето до донесување на конечна одлука по жалбата или до истекот на рокот за одлучување по жалбата. Жалбата се поднесува преку Бирото до Агенцијата за администрација.
(2) Бирото е должно жалбата, со придружните списи да ги достави до Агенцијата за администрација најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот.

**Член 37**

(1) За водење на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на службеникот во случаите утврдени со овој закон, директорот формира комисија за утврдување на дисциплинска одговорност.
(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од три члена и нивни заменици.
(3) Комисијата од ставот (1) на овој член, постапката за утврдување на дисциплинска одговорност на службеникот ја води согласно со Колективниот договор на Бирото

**Член 38**

(1) Задршката од плата, на име изречени парични казни на службеникот во текот на еден месец не може да надмине една третина од износот на неговата вкупна нето-плата за тој месец.
(2) ко на службеникот му престане работниот однос во Бирото во време во која му била изречена парична казна, наплатата на изречената парична казна, по барање на Бирото ќе ја спроведе новиот работодавач или надлежен орган во постапка утврдена со закон.

**Член 39**

(1) Суспендирањето е привремено отстранување од работа на службеникот поради причини кои се предвидени во ставовите (2) и (3) од овој член и трае се додека трае и причината за отстранувањето. По истекот на тој период, службеникот продолжува со работа на своето работно место во Бирото, освен во случај ако му е изречен престанок на работен однос со отказ заради губење на работната способност.
(2) Службеникот може да биде суспендиран доколку постои основана причина за сомневање дека го злоупотребил своето работно место во Бирото и суспензијата ќе трае до завршувањето на дисциплинската постапка.
(3) Вра ботениот ќе биде суспендиран доколку му е одреден притвор од првиот ден на притворот и се додека трае притворот. Доколку кривичната постапка која е покрената против него не е завршена, суспензијата трае до завршувањето накривичната постапка и/или дисциплинската постапка, доколку е покрената за истото дело.
(4) За времетраење на суспензијата на службеникот му следува надоместок од 50% од основната плата. Во случај на враќање на работа на службеникот му следува надоместок до 100% од основната плата.
(5) Решение за суспендирање или враќање на работа на службеникот носи директорот во писмена форма.
(6) Против решението од ставот (5) на овој член службеникот има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението преку Бирото до Агенцијата за администрација.

(7) Бирото е должно жалбата со пропратните списи да го достави до Агенцијата за администрација, најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на жалбата. Жалбата не го задржува извршувањето на решението.

## 12. Материјална одговорност

### Член 40

(1) Службеникот, кој на работа или во врска со работата, намерно или од крајно небрежност ќе предизвика штета на институцијата, одговорен е за настанатата штета и е должен да ја надомести.
(2) Директорот со решение формира комисија за утврдување на материјална одговорност на службеникот.
(3) Комисијата од ставот (2) на овој член е составена од три члена и нивни заменици.
(4) Претседател на комисијата е од редот на раководни службеници, а членови се двајца службеници на исто ниво како службеникот против кого се води постапка за утврдување на материјална одговорност.
(5) Комисијата од ставот (2) на овој член ја утврдува материјалната одговорност за постоење на сторена материјална штета, нејзината висина и начинот на сторување, кој ја предизвикал штетата и кој ќе ја надомести.
(6) Комисијата од ставот (2) на овој член за утврдената фактичка состојба поднесува извештај, врз основа на кој директорот, донесува решение за надомест на штета.
(7) Против решението од ставот (6) на овој член службеникот има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.
(8) Бирото е одговорно за штета која врз имотот на трети лица ја предизвикал службеникот за времето на вршење на службената должност освен ако се докаже дека вработениот постапил во согласност со закон и друг пропис.

### Член 41

(1) Метролошките службеници не смеат да вршат никаква друга функција, должност или дејност поврзана со остварување на профит која е во судир со нивната службена должност.
(2) Службениците кои се однесуваат спротивно на одредбите на став (1) од овој член одговараат дисциплински.

### Член 42

(1) Службеникот не смее во неовластени цели да користи и да даде која било информација, која ја осознал во вршењето на службените работи и дејствија.
(2) Обврската на службеникот за чување на деловна тајна утврдена со овој закон и посебни прописи, важи и по престанокот на работниот однос во Бирото, сѐ до престанокот на периодот за ограничување.
(3) Службеникот за непридржување кон обврските пропишани со одредбите на овој член е дисциплински одговорен, како и прекршочно или кривично одговорен во согласност со закон.

## 13. Престанок на работниот однос

### Член 43

(1) Директорот го прекинува договорот за вработување на службеникот кога истиот ќе ги исполни условите за пензија.

(2) Договорот за вработување престанува да важи ако под условите и на начин пропишани со закон е утврдено дека кај службеникот дошло до губење на работната способност, со денот на доставувањето на правосилно решение за утврдување на изгубената работна способност.
(3) Договор за вработување во Бирото може да се откаже заради утврдена дисциплинска одговорност на службеникот, со денот конечноста на решението или со истекот на рокот за одлучување по жалба против решението.

**Член 44**

(1) На метролошкиот службеник ќе му се откаже договорот за вработување:
1. ако службеникот писмено изјави дека го откажува договорот за вработување,
2. ако се утврди дека при вработувањето премолчил или дал невистинити податоци во однос на општите и посебните услови за вработување со денот на конечноста на решението или со истекот на рокот за одлучување по жалба против решението,
3. ако биде оценет со оцена “не задоволува“ два пати последователно или во последните пет години најмалку трипати,
4. поради деловни причини и
5. во други случаи утврдени со закон.

(2) На службеникот му се откажува договорот за вработување во Бирото кога со правосилна судска одлука му е забрането да врши определени работи од работниот однос, му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност поради која не може да врши работи подолго од шест месеци со денот на примената на забраната или кога со правосилна пресуда му е изречена затворска казна повеќе од шест месеци со денот на започнувањето на издржувањето на затворската казна.

## III. ЗАКОНСКИ МЕРНИ ЕДИНИЦИ

**Член 45**

(1) Во Република Северна Македонија се употребуваат законски мерни единици.
(2) Законските мерни единици се:
1. единиците на Меѓународниот систем на единици SI (System Internationale d’ Unites) (во натамошниот текст: SI);
2. декадните множини и децималните делови на SI единиците;
3. сложени мерни единици, формирани со комбинација на единиците од точки 1. и 2. на овој став.

(3) Задолжителна употреба на законските мерни единици од ставот (1) на овој член се применува при користењето на :
1. еталони, мерила и референтни материјали;
2. резултати добиени од извршените мерења и
3. прикажувања на мерни големини што се изразуваат во мерни единици, во областа на заштитата на животот и здравјето на луѓето, животните и растенијата и заштитата на животната средина и природата, општата техничка безбедност на производите, производството и прометот со стоки и услуги, образованието, стандардизацијата и во судските и управните постапки.

(4) Министерот за економија ги пропишува дефинициите, имињата и симболите, подрачјето и начинот на примена, обврската за употреба и начин на пишување на законските мерни единици.

## IV. ЕТАЛОНИ

**Член 46**

(1) Бирото ги остварува, чува и одржува националните еталони и со калибрација или меѓулабораториска споредба ја обезбедува нивната следливост.
(2) Министерот за економија признава за национален еталон, било кој референтен еталон што го остварува, чува и одржува определено правно лице.
(3) Правното лице кое остварува, чува и одржува признаен национален еталон треба да ги исполнува следните услови:

1. да има акредитација за вршење на калибрации, потребни за одржување на мерната следливост во согласност со соодветниот стандард;
2. да поседува лабараториски простории, еталонска, додатна и помошна опрема, потребни за одржување на метролошки својства;
3. да располага со стручен персонал за воспоставување на мерна следливост, мерните методи, инструментите и на програмската опрема;
4. да располага со литература од соодветното подрачје на метрологијата;
5. да има изработен преглед на состојбата за моменталните, краткорочните и долгорочните потреби за вршење на калибрации на највисоко ниво;
6. да го одржува нивото на мерна неодреденост во мерното подрачје на физичката величина, за кое има акредитација и
7. да има изработено стратегија за развој на калибрациската дејност во сопствената метролошка лабараторија спрема потребите во Република Северна Македонија.

(4) За признавање на национален еталон, правното лице од ставот (3) на овој член, доставува барање до Бирото, заедно со пропратна документација.
(5) Барањето од став (4) на овој член со пропратната документација може да биде поднесено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на правното лице на Националниот портал за електронски услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(6) Бирото во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од став (3) на овој член, го разгледува истото и доколку утврди дека е целосно и ја содржи целокупната документација, му предлага на министерот за економија да донесе решение за признавање на национален еталон.
(7) Решението од став (6) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на правното лице на Националниот портал за електронски услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(8) Против решението од став (7) на овој член, може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на добивањето на решението.
(9) Жалбата од ставот (8) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или посредникот вработен за административни услуги по електронски пат во Бирото, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(10) По исклучок на ставовите (7) и (8) од овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, поднесоците од став (4) на овој член и решението од став (6) на овој член можат да бидат доставени и поднесени и во форма на електронски документи преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на Бирото, надлежниот орган за одлучување во втор степен, односно на правното лице, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(11) Министерот за економија ги пропишува формата и содржината на барањето за признавање на национален еталон, потребната документација, поблиските услови за остварување, чување и одржување на националните еталони, како и поблиските услови за признавање на референтните еталони за национални еталони.

### Член 47

(1) Ако Бирото утврди дека условите за признавање на еден еталон за национален еталон или условите за остварување, чување и одржување на националниот еталон кај правното лице не се повеќе исполнети, во рок од 15 дена од денот на утврдувањето, ќе му предложи на министерот за економија да донесе решение со кое ќе го укине решението за признавање на еталонот за национален еталон.
(2) Решението од ставот (1) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на правното лице на Националниот портал за електронски услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(3) Против решението од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од осум дена од денот на добивањето на решението.
(4) Жалбата од ставот (3) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или посредникот вработен за административни услуги по електронски пат во Министерството, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(5) Жалбата од ставот (3) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

## V. РЕФЕРЕНТНИ МАТЕРИЈАЛИ

### Член 48

(1) Сертифицирани референтни материјали може да остварува, чува и одржува Бирото, кое за нивните карактеристики во однос на физичките особини или хемискиот состав обезбедува следливост со мерните единици во кои се изразуваат вредностите на физичките особини или хемискиот состав.
(2) Министерот за економија ги пропишува начинот на остварување, чување и одржување на сертифицираните референтни материјали.

## VI. МЕРИЛА

### 1.Промет и употреба на мерила

### Член 49

(1) Во Република Северна Македонија не се пуштат во промет и не се ставаат во употреба мерила кои не ги исполнуваат барањата за оцена на сообразноста на типот на мерилата или кои не ги исполнуваат метролошките и технички прописи (во натамошниот текст: суштествени барања), како и мерила кои подлежат на метролошка контрола, доколку не ги исполнуваат барањата утврдени со овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон.
(2) Мерилата од став (1) на овој член, не се пуштаат во промет и не се ставаат во употреба и доколку:

- производителот не ја потврди сообразноста на мерилото со суштествените барања согласно постапките пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и
- на мерилото не е ставена СЕ ознака дополнителна метролошка ознака и/или идентификациски број од нотифицираното тело кое ја спровело постапката за оценување на сообразноста на тоа мерило со суштествените барања.

(3) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, на трговски саеми, изложби, јавни презентации и слични манифестации, организаторот може да покажува мерила кои не се во согласност со суштествените барања утврдени со овој закон и со прописите донесени врз основа на овој закон, под услов со видлива ознака јасно да се означи нивната несообразност за пуштање во промет или за ставање во употреба, сé додека не се сообразат со суштествените барања.
(4) Во Република Северна Македонија не може да се спречи, забрани или да се ограничи пуштање во промет или ставање во употреба на мерилата ако носат СЕ ознака за одобрување на типот на мерилото.
(5) Министерот за економија ги пропишува суштествените барања и оценката на сообразност на мерните инструменти и неавтоматските ваги, како и барањата кои треба да ги исполнуваат економските оператори за пуштање во промет или во употреба на мерните инструменти и неавтоматските ваги.

## 2. Економските оператори

### Член 50

Економските оператори кои пуштаат во промет или ставаат во употреба мерила кои се во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, се:
- производителот,
- овластениот застапник,
- увозникит или
- дистрибутерот.

## 2.1 Обврски на производителот

### Член 51

(1) Производителот кој пушта во промет или става во употреба мерило ги исполнува следните услови:
1. осигура дека мерилото е дизајнирано и произведено во согласност со суштествените барања;
2. има изготвено техничка документација пропишана со прописот од член 52 став (5) од овој закон и да има спроведено  постапката за оценка на собразност;
3. да состави декларација за сообразност и да ја прикачи ознаката за сообразност и дополнителна метролошка ознака;
4. да води евиденција за издадената изјава за сообразност и техничката документација и да ја чува за период од 10 години сметано од денот на пуштање на пазарот на мерилото,
5. да ги обезбеди податоците за исполнетоста на суштествените барања, како и сите податоци за оценување на сообразноста на барање на телото за оцена на сообразноста.
(2) Кога прозводителот врз основа на анализа на ризик утврди дека одредени мерила пуштени на пазарот не се во согласност со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, ќе спроведе тестирање на примерок на мерилото пуштено на пазарот. За спроеденото тестирање, повлечени мерила и за поднесените претставки на мерила кои се пуштени во промет или ставени во употреба, производителот води регистар.

(3) Производителот кој смета или има причина да смета дека мерилото кое го пласирал на пазарот не е во согласност со суштествените барања утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, презема корективни мерки потребни да се доведе мерилото во сообразност или доколку е потребно да го отповика или повлече мерилото од пазарот. Доколку мерилото претставува ризик, производителот е должен веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа да го извести Бирото за причините за несообразност и за секоја преземена корективна мерка.
(4) Производителот е должен покрај дејствијата преземени согласно став (3) на овој член, на барање на Бирото да ги достави сите информации и документација во писмена и електронска форма кои се потребни да се докаже степенот на сообразноста на мерилото, како и да соработува со Бирото на негово барање во секоја активност која ќе се преземе за да се елиминира ризикот наметнат од мерилото кое е пуштено на пазарот.

.

### 2.2 Обврски на овластениот застапник

### Член 52

(1) Производителот врз основа на писмено овластување назначува овластен застапник.
(2) Производителот го дава писменото овластување врз основа на договор кој го склучува со овластениот застапник.
(3) Договорот од став (2) на овој член, ги уредува најмалку следните обврски за овластениот застапник:
- да ја става на располагање декларација за сообразност и техничката документација на државните органи за надзор на пазарот во период од 10 години по пуштањето на вагата на пазарот;
- на образложено барање од надлежен државен орган да му ги достави сите информации и целата документација потребни за да се докаже сообразноста на вагата и
- да соработува со надлежните државни органи, на нивно барање, за сите преземени дејства за отстранување на ризиците од вагите опфатени со овластувањето на овластениот застапник.

(4) Условите од член 51 од овој закон соодветно се однесуваат и на овластениот застапник, со исклучок на член 51 став (1) точките 1, 2 и 3 од овој закон.

### 2.3 Обврски на увозникот

### Член 53

(1) Увозникот кој пушта во промет или става во употреба мерило обезбедува дека од страна на производителот:
- е спроведена соодветната процедура за оценка на сообразност за тоа мерило;
-изготвена е техничката документација;
-мерилото е означено со CE ознаката и дополнителните метролошки ознаки и
-мерилото е пропратено со бараната документација.
(2) Кога увозникот врз основа на анализа на ризик утврди дека одредени мерила пуштени на пазарот не се во согласност со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, ќе спроведе тестирање на примерок на мерилото пуштено на пазарот. За спроведеното тестирање, повлечените мерила и за поднесените претставки за мерила кои се пуштени во промет или ставени во употреба, увозникот води регистар,

(3) Увозникот има обврска да чува примерок од декларација за сообразност за период од 10 години сметано од денот на пуштање на производот на пазар, и на барање на Бирото истата заедно со техничката документација да ја стави на располагање.
(4) Увозникот соработува со Бирото и на негово барање ги доставува сите информации и документација во писмена и електронска форма кои се потребни да се докаже степенот на сообразноста на мерилото кое е пуштено на пазарот.
(5) Увозникот кој смета или има причина да смета дека мерилото не е во согласност со суштествените барања веднаш презема корективни мерки потребни да се доведе мерилото во сообразност или доколку е потребно да го отповика или повлече мерилото. Во случај кога мерилото претставува ризик, увозникот е должен веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа, да ги извести производителот и Бирото за причините за несообразност на мерилото.

## 6.4 **Обврски на дистрибутерот**

### Член 54

(1) Дистрибутерот пушта мерилото на пазар доколку ги исполнува следните услови:
-да е означено со СЕ ознаката и дополнителните метролошки ознаки;
-да е пропратено со бараната документација и со инструкции и информации на јазик кој е лесно разбирлив за крајниот корисник;
- е во согласност со условите утврдени во членовите 51 и 52 од овој закон.
(2) Дистрибутерот кој смета или има причина да смета дека мерилото кое го пуштил на пазарот не е во согласност со суштествените барања, односно претставува ризик, е должен веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа, да го извести Бирото, производителот и увозникот за причините за несообразност и за секоја преземена корективна мерка.
(3) Дистрибутерот обезбедува дека мерилото кое е пуштено во промет согласно член 51 од овој закон, додека е под негова одговорност се складира и транспортира на начин со кој не се загрозува неговата усогласеност со суштествените барања утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.
(4) Дистрибутерот е должен на барање на Бирото да ги достави сите информации и документација во писмена и електронска форма кои се потребни да се докаже степенот на сообразноста на предметното мерило, како и да соработува со Бирото на негово барање во секоја активност која ќе се преземе за да се елиминира ризикот од мерилото кое е пуштено на пазарот.
(5) Информациите и документацијата од членовите 51 и 53 од овој закон и ставот (4) на овој член кои се поднесуваат во форма на електронски документи се доставуваат на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(6) По исклучок на ставот (4) на овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната патформа за интероперабилност, информациите и документацијата од членовите 51 и 53 од овој закон и ставот (4) на овој член, во форма на електронски документи се доставуваат преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на Бирото, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**2.5 Случаи во кои обврските на производителот се применуваат на увозникот и дистрибутерот**

**Член 55**

Кога увозникот и/или дистрибутерот пласираат на пазар мерило под свој назив или трговска марка или модифицираат мерило кое е веќе пласирано на пазар на начин со кој може да се влијае на неговата усогласеност со суштествените барања утврдени со овој закон, истите ќе се сметаат за производител и се должни да ги исполнат обврските утврдени во член 51од овој закон или друг закон.

**2.6 Идентификација на економските оператори**

**Член 56**

(1) За мерилата кои се користат за намените утврдени во прописот од член 49 став (5) од овој закон, економските оператори се должни на барање на Бирото да го идентификуваат:
-секој економски оператор кој ги снабдил со мерило и
-секој економски оператор кого го снабдиле со мерило.
(2) Економските оператори треба да овозможат презентирање на информациите од став (1) на овој член за период од 10 години сметано од денот на снабдувањето.
(3) Бирото веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа го информира Министерството за преземените мерки од економските оператори од членовите 51, 52, 53 и 54.
(4) Обврските кои ги имаат економските оператори утврдени во членовите 51, 52, 53 и 54, а особено во однос на чување на документацијата, водење на регистар на претставки, контрола на мерилата, повлекување на мерилата од пазарот, информирање за сите преземени мерки и обврската за соработката со надлежните органи, соодветно се однесуваат на сите мерила опфатени со овој закон.

**3. Оцена на сообразноста**
**3.1 Оцена на сообразноста на мерилото со суштествените барања**

**Член 57**

(1) Со постапката за оцена на сообразноста на мерилото се утврдува нивната сообразност со суштествените барања утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и нивната употреба за предвидената намена.

(2) Во Република Северна Македонија не може да се ограничи употребата на мерилата кои ги исполниле барањата од ставот (1) на овој член.

(3) Производителот или овластениот застапник кој на територијата на Република Северна Македонија за прв пат пуштаат во употреба мерило или кои изготвиле мерило кое за прв пат се пушта во употреба, веднаш а најдоцна во рок од 48 часа го известуваат Бирото.

**Член 58**

(1)Оцена на сообразноста врши Бирото или правно лице кое е овластено за вршење на оцена на сообразноста од страна на Министерството.
(2)Министерството е орган надлежен за овластување на тела за оцена на сообразност согласно одредбите на овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

(3)Министерството ја известува Европската комисијата и другите земји-членки за овластените тела за вршење на оцена на сообразност.

## Член 59

Правното лице за стекнување на овластување на тело за оцена на сообразност од област на метрологија треба да ги исполнува следните услови:

1 да е трговско друштво регистрирано во трговскиот регистар кој го води Централниот регистар на Република Северна Македонија;

2 да е организациски независно од капитално поврзаното друштво доколку правното лице е дел на капитално поврзани друштва;

3 да ја демонстрира својата независност и отсуство на конфликт на интереси доколку правното лице е дел на капитално поврзани друштва вклучени во дизајнот, производството, обезбедувањето, составувањето, користењето или одржувањето на мерилата што ги оценува,;

4. раководните лица и персоналот одговорен за извршување на задачите за оцена на сообразност да не се од редот на следните лица: дизајнер, производител, добавувач, инсталатер, купувач, сопственик, корисник или одржувач на мерилата врз кои што вршат оцена на сообразност, ниту некои од нивните претставници. Ова не се однесува на мерилата кои се неопходни за работење на телото за оцена на сообразност или на мерилата кои се употребаат за личните цели на телото за оцена на сообразност.

5. раководните лица и персоналот одговорен за извршување на задачите за оцена на сообразност да не се директно вклучени во дизајнирањето, производството или изградбата, маркетингот, инсталација, употребата или одржувањето на мерила врз кои што вршат оцена на сообразност, ниту пак ги претставуваат лицата ангажирани во наведените активности. Раководните лица и персоналот одговорен за извршување на задачите за оцена на сообразност да не се вклучуват во активности што може да предизвикаат во судир на интереси или нарушување на интегритетот при оцената на сообразност, особено при давање на консултантските услуги.

6. да обезбеди дека активностите на нивните подружници или подизведувачи не влијаат на доверливоста, објективноста или непристрасноста на нивните активности за оцена на сообразност;

7. вработените да ги вршат активностите за оцена на сообразноста со највисок степен на професионален интегритет и неопходната техничка компетентност во конкретната област, да бидат ослободени од сите притисоци и поттикнувања, особено финансиски, што би можеле да влијаат врз нивната одлука за преземените активности за оцена на сообразност, особено во однос на лица или групи на лица кои имаат интерес за резултатите од тие активности;

8. да е способно за извршување на сите задачи за оцена на сообразноста кои се утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;

9. да има изготвени посебни работни процедури за спроведување на постапките за оцена на сообразност и да обезбеди транспарентност и способност за спроведување на процедурите;

10. да ја прилагоди организациската поставеност и процедурите за работа земајќи ја во предвид големината на трговското друштво, секторот во кој работи, неговата структура, степенот на сложеност на засегнатата технологија на мерилото и масовната или сериската природа на производниот процес;

11. да располага со средства потребни за извршување на техничките и административните задачи поврзани со активностите за оцена на сообразноста на соодветен начин и да обезбеди пристап до сета потребна опрема или објекти;

12. да располага со потребниот персонал (раководен кадар и останат персонал) оспособен за вршење на задачи за оцена на сообразност, и за таа цел да обезбеди:

- континуирана техничка и стручна обука на персоналот, која ги опфаќа сите активности за оцена на сообразноста за што има добиено овластување, со што ќе овозможи задоволителни познавања на барањата за оцена на сообразност што ги спроведуваат;

- стекнати знаења, и разбирање на суштествените барања и релевантните прилози за специфичните мерила, како и информираност за применливи хармонизирани стандарди и нормативни документи и релевантните одредби од законодавството на Република Северна Македонија и

- способност да изготват сертификати, евиденција и извештаи за оцена на сообразност.

13. да обезбеди осигурување од одговорност за штета согласно прописите за надомест на штета;

14. да обезбеди дека раководниот кадар и персоналот да ја почитува професионалната тајност во однос на сите информации добиени при извршувањето на нивните задачи.

### Член 60

(1) Како тела за оцена на сообразност се сметаат и правни лица кои се дел на капитално поврзани друштва и кои имаат добиено сертификат за акредитација издаден од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија. Акредитираното тело за оцена на сообразност е посебен и различен дел од капитално поврзаното друштво и не учествува во дизајнот, производството, снабдувањето, инсталирањето, користењето или одржувањето на мерилата што ги оценува.

(2) Правните лица од став (1) на овој член, за стекнување на сертификат за акредитација ги исполнуваат следните услови:

1. да се организациски препознатливи и да имаат развиено процедури за известување во друштвото од кое претставуваат дел;
2. да можат да ја докажат својата непристрасност во друштвото од кое се дел пред Институтот за акредитација;
3. да избегнуваат конфликт на интереси и нарушување на интегритетот и независноста при оценување на мерилата, како и да не се вклучени во дизајнот, производство, снабдување, инсталација, работење или одржување на мерилата што ги оценуваат, што би можело да доведе до нарушување на нивната независност при извршување на активностите поврзани со оцена на сообразност и
4. да ги обезбедуваат услугите за оцена на сообразност исклучиво во рамки на капитално поврзаното друштво од кое претставува дел.

### Член 61

(1) За стекнување на овластување на тело за оцена на сообразност, правното лице доставува барање до писарницата на министерство со пропратна документација.

(2) Барањето од став (1) на овој член со пропратната документација може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот вработен за административни услуги по електронски пат во Министерството, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) Пропратната документација со која се докажува исполетоста на условите од член 59 точките 1, 10, 11, 12 и 13 од овој закон, по службена должност можат да биде прибавена од страна на Министерството во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги во рок од три дена од денот на поднесувањето на барањето од правното лице.

(4) Министерството во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од став (1) на овој член, го разгледува и доколку утврди дека е потполно и ја содржи целокупната документација донесува решение за овластување на тело за оцена на сообразност.

(5) Решението од ставот (4) на овој член, може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на правното лице на Националниот портал за електронски услуги и од обласа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(6) Доколку во рокот од став (4) на овој член, Министерството утврди дека барањето од став (1) на овој член е непотполно и не ја содржи целата потребна документација го известува барателот и му определува рок од 15 дена да го надополни истото.

(7) Ако барателот не постапи согласно известувањето од став (6) на овој член, Министерството донесува решение за отфрлање на барањето. во рок од три дена од денот на истекот на рокот од став (6) на овој член.

(8) Против решенијата од ставовите (4) и (6) од овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во рок од 15 дена од денот на добивањето на решението.

(9) Жалбата од ставот (8) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или посредникот вработен за административни услуги по електронски пат во Министерството, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(10) По исклучок на ставовите (2), (3), (5) и (9) од овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги или Националната платформа за интероперабилност, поднесоците од ставовите (1), (6) и (8) на овој член и решението од став (4) на овој член можат да бидат доставени и поднесени и во форма на електронски документи преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на Министерството, надлежниот орган за одлучување во втор степен, односно на правното лице, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(11) Министерот за економија ги пропишува видовите на мерила и суштествените барања кои треба да ги исполнуваат мерилата пред нивното пуштање во промет или ставање во употреба, начинот на оцена на сообразност, потребната документација, декларацијата за сообразност и означувањето на мерилата, дополнителните барања за економските оператори, како и начинот на известување за ставање во употреба и пуштање во промет на мерилата.

**Член 62**

Телата за оцена на сообразност се должни на секои шест месеца да го известуваат Министерството за својата работа, особено за:

1. секое одбивање, ограничување, одземање или повлекување на сертификат;
2. сите околности кои влијаат на опсегот или условите за овластување;
3. секое барање за информации што ги добиле од органите за надзор на пазарот во врска со активностите за оцена на сообразност и
4. за сите преземени активности за оцена на сообразност што се вршат во рамките на нивната сертификација и која било друга извршена активност, вклучително и прекугранични активности и подизведувања/отстапување на работа.

**Член 63**

(1) Во случаи кога овластеното тело за оцена на сообразност престане да ги исполнува условите од членот 59 од овој закон или кога овластеното службено лице од Бирото

при вршење на стручен надзор констатира дека е извршена повреда на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и во случај на престанок на правното лице, министерството на предлог на Бирото во рок од осум дена од денот на констатирањето ќе донесе решение за одземање на овластување за тело на оцена на сообразноста.

(2) Решението од ставот (1) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на правното лице на Националниот портал за електронски услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) Досиеа на правните лица за оцена на сообразност на кои им е одземено овластувањето во случајот од став (1) на овој член, или кои престанале да постојат, ги чува Бирото. Досиејата се архивираат согласно актите за архивско работење и се достапни за увид на надзорните и инспекциските органи.

(4) Против решението од став (1) на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во рок од 15 дена од денот на добивањето на решението.

(5) Жалбата од ставот (4) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или посредникот вработен за административни услуги по електронски пат во Министерството, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(6) По исклучок на ставовите (2) и (5) од овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги решението од став (1) на овој член и жалбата од став (4) на овој член во форма на електронски документи можат да бидат доставени и поднесени преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на Министерството, надлежниот орган за одлучување во втор степен, односно на правното лице, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(7) Жалбата од став (4) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

## 3.2 Сертификат за сообразност

### Член 64

(1) По спроведената постапка за оцена на сообразност, производителот е должен да изготви сертификат за сообразност.

(2) Сертификатот за сообразност потврдува дека предметното мерило ги исполнува суштествените барања за сообразност утврдени со овој закон и прописите донесени согласно овој закон.

(3) Сертификатот за сообразност е изготвен на македонски јазик и кирилско писмо или на јазикот на земјата увозник.

(4) Бирото или овластеното тело за оцена на сообразноста не ја спроведуваат постапката за оцена на сообразност за мерила за кои е издаден сертификат за сообразност во некоја од земјите членки на Европската унија.

(5) Министерот за економија ја пропишува формата и содржината на сертификатите за сообразност на типот на мерилата.

### 3.3 Означување на сообразноста

**Член 65**

(1) Сообразноста на мерилата со суштествените барања се означува со ставање на ознаката за сообразност CE и дополнителна метролошка ознака. На мерилата производителот може да стави било какви други ознаки, освен ако со тоа не се намалува видливоста и читливоста на ознаката за сообразност и на дополнителната метролошка ознака.
(2) Ознаката за сообразност и дополнителната метролошка ознака ги става производителот или неговиот овластен застапник. Тие ознаки може да се стават на мерилата и во текот на процесот на производство доколку е оправдано согласно карактеристиките на мерилото и од економски причини.
(3) На мерилата, производителот или неговиот овластен застапник, не смее да става ознаки со кои можат да се доведат во заблуда трети лица за значењето и формата на ознаките за сообразност, како и за значењето и формата на дополнителната метролошка ознака.
(4) Кога на мерилото се применуваат и други прописи, што опфаќаат други аспекти кои бараат ставање ознаки за сообразност, ознаката за сообразност означува дека за тоа мерило истовремено ги задоволува барањата од наведените прописи. Во тие случаи, во документите или во упатствата коишто се бараат со тие прописи и коишто се приложуваат кон мерилото, производителот или неговиот овластен застапник, е должен да ги наведе и тие прописи со назнака на бројот на „Службен весник на Република Северна Македонија“ во кој се објавени.
(5) Министерот за економија ја пропишува формата и содржината на ознаката за сообразност CE и дополнителна метролошка ознака и начинот на нивно прикачување.

### 3.4 Обврски на Бирото во постапката за оцена на сообразност

**Член 66**

(1) Бирото ја спроведува постапката за оцена на сообразноста согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.
(2) Постапката за оцена на сообразност се спроведува со избегнување на непотребни оптоварувања за економските оператори, имајќи ги во предвид големината на економските оператори, секторот во кој тие работат, нивната структура, степенот на комплексноста на технологијата на мерилото кое е предмет на оцена на сообразност, масивноста или сериската природа на производниот процес, како и степенот на строгоста и нивото на заштита потребни за сообразноста на мерилото со суштествените барања.
(3) Оцената на сообразност се врши врз основа на поднесено барање од заинтересирано правно лице до писарницата на Бирото.
(4) Барањето од став (3) на овој член со пропратната документација може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот вработен за административни услуги по електронски пат во Бирото, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(5) За извршената оцена на сообразност Бирото донесува решение за сообразност.
(6) Кога во постапката за оцена на сообразноста Бирото ќе утврди дека суштествените барања утврдени со овој закон и прописите донесени согласно овој закон не се исполнети од страна на производителот, во рок од 15 дена ќе донесе решение со кое ќе му наложи на производителот да преземе соодветни корективни мерки.
(7) Кога во постапките за верификација на мерилото Бирото утврди дека мерилото не е во согласност со суштествените барања утврдени со овој закон и прописите донесени согласно овој закон ќе донесе решение со кое го известува производителот и му определува рок од 15 дена да преземе корективни мерки.

(8) Кога производителот нема да ги преземе корективните мерки во определениот рок од ставовите (6) и (7) на овој член, Бирото нема да издаде сертификат за сообразност.
(9) Решенијата од ставовите (5), (6) и (7) на овој член можат да бидат издадени и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на правното лице на Националниот портал за електронски услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(10) По исклучок на ставовите (4) и (6) од овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, барањето од став (3) на овој член и решенијата од ставовите (5), (6) и (7) на овој член во форма на електронски документ можат да бидат доставени и поднесени преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на Бирото, односно на правното лице, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(11) Против решенијата од ставовите (5), (6) и (7) од овој член производителот има право да поведе управен спор.
(12) Формата и содржината на барањето од став (3) на овој член и пропратната документација ја пропишува министерот за економија.

## 4. Верификација на мерила

### Член 67

Мерилата подлежат на прва, периодична и вонредна верификација.

### Член 68

(1) На прва верификација се поднесуваат мерила пред да се пуштат во употреба.
(2) Оцената на сообразност на тип на мерила и првата верификација на мерила ја врши Бирото, согласно со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.
(3) За првата верификација на мерилата, должен е да се грижи производителот на мерилата или неговиот овластен застапник.

### Член 69

(1) На периодична верификација се поднесуваат мерила кои се во употреба.
(2) Периодична верификација може да врши Бирото или овластено правно лице за одредени видови на мерила, во зависност од опсегот на овластувањето.
(3) За периодичната верификација на мерилата должен е да се грижи имателот на мерилата или неговиот овластен застапник.
(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, за периодичната верификација на мерилата за топлотна енергија, броилата за електрична енергија, вклопните часовници, водомерите, мерилата за течни горива, гасомерите, коректорите, паркинг- часовниците, должни се да се грижат правните и физичките лица што продаваат топлотна енергија, електрична енергија, вода, течни горива, гас и издаваат простор за паркирање, без оглед на тоа кој е имател на тие мерила.
(5) Мерилото периодично се верифицира во годината кога истекува важноста на ознаките и жиговите, односно сертификатот за верификација на мерилото, но не подоцна од датумот на истекот на последната верификација.

**Член 70**

(1) Вонредната верификација е задолжителна за мерилата кои се ставени вон употреба заради сервис, поради дефект или други технички недостатоци или поради истекот на важноста на ознаките и жиговите.
(2) Вонредна верификација врши Бирото или овластеното правно лице за одредени видови на мерила, во рамките на опсегот на неговото овластување.
(3) Со вонредната верификација се потврдува дали мерилото и понатаму е во сообразност со одобрениот тип, односно со барања пропишани согласно со овој закон.
(4) Правното лице кое го поправило или преправило мерилото се грижи за вонредната верификацијата во случаи кога мерилото е доставено на сервис, односно сопственикот на мерилото во случаи кога е истечена важноста на ознаките и/или жиговите.
(5) Министерот за економија ги пропишува категориите и видовите на мерила за кои е задолжителна верификацијата, постапките за верификација, роковите на периодичната верификација, како и категориите и видови мерила за кои може да се добие овластување за верификација.

**Член 71**

(1) Периодичната и вонредната верификација ја врши Бирото или правно лице овластено од министерот.
(2) Периодичната и вонредната верификација се вршат врз основа на поднесено барање од заинтересирано правно или физичко лице до Бирото или овластеното правно лице.
(3) Ако при постапката за верификација се утврди дека мерилото е во сообразност со одобрениот тип, односно пропишаните метролошки услови за верификација, тоа се означува и жигосува со ознака и жиг за верификација, се издава записник, а на барање на клиентот се издава и сертификат за верификација.
(4) Ако при постапката за верификација се утврди дека мерилото не е во сообразност со одобрениот тип, односно пропишаните метролошки барања за верификација, тоа не се означува и жигосува со ознака и жиг за верификација, односно не се издава сертификат за верификација
(5) Мерилата за кои согласно ставот (4) на овој член е утврдено дека не се во сообразност со одобрениот тип, односно пропишаните метролошки барања за верификација, можат да се достават на вонредна верификација најдолго по истекот на период од две години, сметано од денот на спроведената постапка за верификација. Доколку и по истекот на периодот од две години се утврди дека предметното мерило и понатаму не е во сообразност со одобрениот тип, односно пропишаните метролошки барања за верификација истото се става вон употреба.
(6) Министерот за економија ги пропишува видовите и формите на ознаките, жиговите и пломбите кои се користат при верификација на мерилата, како и формата и содржината на сертификатот за верификација.
(7) Барањето од став (1) на овој член може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот вработен за административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(8) Сертификатот од ставот (3) на овој член, може да биде издаден и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на правното лице на Националниот портал за електронски услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(9) По исклучок на ставовите (7) и (8) од овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, барањето од став (1) на овој член и сертификатот од став (3) на овој член во форма на електронски документ можат да бидат доставени и поднесени преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на Бирото, односно на правното лице, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**Член 72**

(1) Ознаките, жиговите и пломбите односно сертификатот за верификацијата престануваат да важат, ако:
1. истекла нивната важност;
2. се изменети, оштетени или отстранети (се однесува само за ознаките, жиговите и пломбите);
3. се поништени и
4. мерилото е поправано или преправано.
(2) Мерило кое нема ознаки, жигови и пломби, односно сертификат за верификација, или чии ознаки, жигови и пломби, односно сертификат за верификација престанале да важат, не може да се употребува.

**Овластено правно лице за вршење на постапка за подготовка за верификација на мерила**

**Член 73**

(1) Пред отпочнување на постапка за периодична и вонредна верификација се спроведува постапка за подготовка на верификација.
(2) Постапките за подготовка на верификација ја спроведуваат правни лица овластени од Бирото.
(3) За стекнување на овластување за вршење на постапка за подготовка на верификација, правното лице потребно е да исполнува барања во однос на бројот и квалификации на персоналот, да поседува соодветна опрема и просторни услови за вршење на постапката за подготовка за верификација на мерила.
(4) Правното лице кое е заинтересирано за добивање на овластување за вршење на подготовка за верификација поднесува барање до Бирото, кон кое се приложени и докази за исполнетите барањата од став (3) на овој член.
(5) Барањето може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот вработен за административни услуги по електронски пат во Бирото, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(6) Бирото во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето го разгледува и оценува дали правното лице ја има доставено целосната документација за исполнување на сите барања од ставот (3) на овој член и донесува решение за овластување на правно лице за вршење на подготовка за верификација.
(7) Решението за овластување од став (6) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на правното лице на Националниот портал за електронски услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(8) По исклучок на ставовите (5) и (7) од овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, барањето од ставот (3) на овој член и решението од став (6) на овој член во форма на електронски документ можат да бидат доставени и поднесени преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на Бирото, односно на правното лице, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(9) Доколку во рокот од став (6) на овој член, Бирото утврди дека барањето од став (3) на овој член е нецелосно го известува барателот и му определува рок од 15 дена да го надополни истото.

(10) Ако барателот не постапи согласно известувањето од став (9) на овој член, Бирото донесува решение за отфрлање на барањето, во рок од три дена од денот на истекот на рокот од став (9) на овој член.

(11) Против решенијата од ставовите (6) и (10) од овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во рок од 15 дена од денот на добивањето на решението.

(12) Жалбата од ставот (11) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или посредникот вработен за административни услуги по електронски пат во Министерството, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(13) Жалбата од ставот (11) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

## Овластено правно лице за вршење на постапка за периодична и вонредна верификација на мерила

### Член 74

(1) За стекнување на овластување за вршење на постапка на периодична и вонредна верификација на мерила, правното лице е потребно да исполнува барања во однос на бројот и квалификации на персоналот, да поседува соодветна опрема и просторни услови за вршење на постапката за периодична и вонредна верификација на мерила.

(2) Правното лице кое е заинтересирано за добивање на овластување вршење на постапка на периодична и вонредна верификација на мерила поднесува барање до Бирото, кон кое се приложени и докази за исполнетите барањата од ставот (1) на овој член, како и поблиските услови и документацијата од член 74 став (20) од овој закон.

(3) За стекнување на овластување за вршење на периодична и вонредна верификација на мерила, правното лице потребно е да има сертификат за акредитација издаден од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија.

(4) Барањето од ставот (2) на овој член, со пропратната документација може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот вработен за административни услуги по електронски пат во Бирото, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(5) Директорот на Бирото во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето од став (2) на овој член формира стручна комисија, која врз основа на барањето,

приложената документација и оцената од надзорот на лице место, дава мислење дали барателот ги исполнува условите за овластување.

(6) Комисијата од став (5) на овој член е составена од три члена од Бирото, од кои најмалку еден од редот на раководниот кадар. Директорот со посебен акт ја утврдува организацијата и начинот на работа на стручната комисија за оцена на исполнетоста на условите на правно лице за вршење на периодични и вонредни верификации на мерилата.

(7) Врз основа на позитивно мислење на Комисијата, министерот за економија донесува решение за овластување на правно лице за вршење на верификација на мерила, во рок од 60 дена од денот на добивање на позитивното мислење од Комисијата.

(8) Решението за овластување од ставот (7) на овој член, може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на правното лице на Националниот портал за електронски услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(9) Комисијата од став (6) на овој член има право да побара дополнителни документи, кои во рок од 15 дена правното лице треба да ги достави. Доколку правното лице не постапи по барањето на Комисијата во определениот рок, Бирото ќе донесе решение за отфрлање на барањето.

(10) Против решенијата од ставовите (7) и (9) на овој член, може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во рок од 15 дена од денот на добивањето на решението.

(11) Жалбата од став (10) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или посредникот вработен за административни услуги по електронски пат во Министерството, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(12) Жалбата од став (10) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

(13) По исклучок на ставовите (8) и (11) од овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, барањето од став (2) на овој член и решението од став (6) на овој член во форма на електронски документ можат да бидат доставени и поднесени преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на Бирото, односно на правното лице, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(14) Правното лице кое врши подготовка на верификација на мерила, не може да спроведува постапка за верификација на мерила. Правните лица кои вршат подготовка за верификација не можат да бидат основани од правни и физички лица кои се капитално поврзани во било кој облик и форма со правните лица кои што вршат верификација на мерила.

(15) Овластените застапници, увозниците, дистрибутерите и сервисерите, како и правните и физичките лица што продаваат топлотна енергија, електрична енергија, вода, течни горива, гас ииздаваат простор за паркирање, не можат да бидат основани од правни и физички лица кои се капитално поврзани во било кој облик и форма со правните лица кои што вршат верификација на мерила.

(16) Правните лица кои вршат верификација на мерила се должни на секои три месеци да го известуваат Бирото за:

- секоја спроведена постапка за верификација на мерила;
- сите околности кои влијаат на опсегот или условите за овластување;
- секое барање за информации што ги добиле од органите за надзор на пазарот во врска со активностите за верификација.

(17) Известувањето за извршениот надзор од органите од став (16) алинеја 3 на овој член, Бирото го обезбедува по службена должност врз основа на размена на податоци.

(18) Бирото за издадените овластувања за верификација на мерила и за подготовка на верификација на мерила води Регистер.

(19) Формата и содржината и начинот на водењето на Регистерот ги пропишува министерот за економија.

(20) Формата и содржината на барањето од член 73 став (3) од овој закон и став (2) на овој член, поблиските услови за овластување на правно лице за вршење на периодична и вонредна верификација на одредени видови на мерила, како и за подготовка на верификација постапката за овластување на правното лице, задачите на овластеното правно лице и оцената на исполнетоста на барањата за овластување, како и потребната пропратна документација ги пропишува министерот за економија.

**6.Презумпција на сообразност на мерило**

**Член 75**

(1) Доколку мерилото ги задоволува елементите од стандардите усвоени од страна на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, со кои се транспонираат Европските хармонизирани стандарди за соодветното мерило, а чии библиографски податоци Министерството ги објавило во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се смета дека мерилото е сообразно со суштествените барања.

(2) Доколку мерилото само делумно ги задоволува елементите на стандардите од став (1) на овој член, се сметаат за сообразни само оние елементи (делови) од мерилото, кои одговараат на барањата на стандардите, од ставот (1), а процедурата продолжува со типско одобрение на Национално ниво, на барање на производителот или неговиот овластен застапник.

**7. Постапка за постапување со мерила кои претставуваат ризик**

**Член 76**

(1) Ако при вршењето на работите од инспекциски надзор органот надлежен за работата на пазарната инспекција утврди дека мерилото претставува ризик од аспект на заштитата на јавниот интерес најдоцна во рок од три дена ќе поднесе барање до Бирото за спроведување на евалуација на предметното мерило по однос на исполнетоста на суштествените барања утврдени со овој закон и прописите донесени согласно овој закон. Релевантниот економски оператор е должен да соработува со органот надлежен за работата на пазарната инспекција и Бирото.

(2) Бирото е должно во рок од 30 дена од денот на добивање на барањето од став (1) на овој член, да ја спроведе евалуацијата и да изготви извештај по однос на степенот на исполнетоста на суштествените барања на предметното мерило кој го доставува до органот надлежен за работата на пазарната инспекција.

(3) Во случај кога врз основа на доставениот извештај на Бирото се потврди дека мерилото не е во согласност со суштествените барања утврдени со овој закон и прописите донесени согласно овој закон, органот надлежен за работата на пазарната инспекција со решение ќе му наложи на економскиот оператор во определен рок да ги преземе сите соодветни корективни мерки за усогласување на мерилото со суштествените барања, да го отповика мерилото од пазарот или

да го повлече за одреден временски период мерилото, а во зависност од природата на настанатиот ризик.
(4) Ако органот надлежен за работата на пазарната инспекција утврди дека неусогласеноста на мерилото не е ограничена само на пазарот на Република Северна Македонија преку Министерството ќе ја информира Европската комисија и другите земји членки на Европската унија за содржината на извештајот од став (2) на овој член и за преземените мерки согласно став (3) на овој член.
(5) Економскиот оператор е должен да ги преземе сите неопходни корективни мерки по однос на предметното мерило како во Република Северна Македонија така и на пазарот на Европската унија.
(6) Доколку економскиот оператор не ги преземе корективните мерки во рокот утврден со решението од став (3) на овој член, органот надлежен за работата на пазарната инспекција ќе донесе решение за забрана или ограничување на пласирање на пазар на релевантното мерило или повлекување или отповикување на мерилото.
(7) За донесеното решение од став (6) на овој член органот надлежен за работата на пазарната инспекција, преку Министерството ќе ја информира Европската комисија и другите земји членки на Европската унија.
(8) Министерот за економија ја пропишува формата и содржината на информациите од ставовите (4) и (7) на овој член, како и формата и содржината на информацијата од член 77 став (3) од овој закон.

**8. Постапка за постапување со усогласени мерила кои претставуваат ризик**

**Член 77**

(1) Кога при вршењето на евалуацијата согласно член 76 ставови (1) и (2) од овој закон, се утврди дека и покрај тоа што мерилото е усогласено со суштествените барања утврдени со овој закон и прописите донесени согласно овој закон сепак претставува ризик од аспект на заштитата на јавниот интерес, органот надлежен за работата на пазарната инспекција со решение ќе му наложи на релевантниот економски оператор во рок од 30 дена да ги преземе сите неопходни мерки за да обезбеди дека преметното мерило кое е пуштено на пазар повеќе не претставува таков ризик или да го отповика мерилото од пазарот или да го повлече за одреден временски период мерилото, а во зависност од природата на настанатиот ризик.

(2) Економскиот оператор треба да обезбеди дека сите неопходни корективни мерки по однос на предметното мерило се преземени како во Република Северна Македонија така и на пазарот на Европската унија.

(3) За донесеното решение од став (1) на овој член органот надлежен за работата на пазарната инспекција, преку Министерството ќе ги информира земјите членки на Европската унија.

**Член 78**

(1) По исклучок на одредбите на член 77 од овој закон, органот надлежен за работата на пазарната инспекција ќе донесе решение со кое ќе му наложи на релевантниот економски оператор во рок од 30 дена да ги отстрани утврдените несообразности, доколку,:

1. СЕ ознаката за сообразност и дополнителните метролошки ознаки не се поставени согласно прописот од член 65 став (5) од овој закон;
2. СЕ ознаката за сообразност и дополнителните метролошки ознаки воопшто не се поставени;
3.ознаките утврдени во член 65 став (5) од овој закон се погрешно поставени;
4. сертификатот за сообразност не е изготвен или е погрешно изготвен;
5.техничката документација е или недостапна или некомплетна;
6. информациите утврдени во членовите 51 и 53 од овој закон не се достапни, лажни се или некомплетни и
7. не е исполнет било кој од условите утврдени во членовите 51 и 53 од овој закон.
(2) Доколку релевантниот економски оператор не постапи согласно рокот од став (1) на овој член, органот надлежен за работата на пазарната инспекција ќе донесе решение за ограничување или забрана за пласирање на пазарот на предметното мерили или решение за повлекување или отповикување на предметното мерило од пазарот.

## VII. ВАЖНОСТ НА ОЗНАКИТЕ И СЕРТИФИКАТИТЕ ЗА ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ НА ТИП НА МЕРИЛО И СЕРТИФИКАТИТЕ ЗА КАЛИБРАЦИЈА НА МЕРИЛАТА ОД СТРАНСКО ПОТЕКЛО

### Член 79

Во Република Северна Македонија се признаваат за важечки:
-ознаките и сертификатите за сообразност на типот на мерилата од домашно и странско потекло и
-сертификатите за калибрација на мерилата од странско потекло, кои се издадени во согласност со меѓународните, или мултилатерални договори кои ги склучила и ратификувала, односно на кои им пристапила Република Северна Македонија.

### Член 80

(1) Бирото води Регистар во кој се врши упис на ознаките и сертификатите за сообразност на типот на мерилата издадени во согласност со овој закон.

(2) Уписот во Регистарот од ставот (1) на овој член се врши врз основа на барање од заинтересирано правно и физичко лице.

(3) Барањето од ставот (2) на овој член со пропратната документација може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредникот вработен за административни услуги по електронски пат во Бирото, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4)За вршење на упис на податоците од ставот (1) на овој член во Регистарот, Бирото донесува решение.

(5) Против решението со кое се одбива уписот во Регистарот може да се изјави жалба до министерот за економија.

(6) Решенијата од ставот (4) на овој член можат да бидат издадени и во форма на електронски документи, кои се доставуваат на профилот на правното лице на Националниот портал за електронски услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(7) Жалбата од ставот (5) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или посредникот вработен за административни услуги по електронски пат

во Министерството, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(8) Жалбата од став (5) на овој член не го одлага извршувањето на решението

(9) По исклучок на ставовите (3), (6) и (7) од овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, барањето од ставот (2) на овој член, решенијата од ставот (4) на овој член и жалбата од ставот (5) на овој член, во форма на електронски документи можат да бидат доставени и поднесени преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на Бирото, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(10) Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот од ставот (1) на овој член, како и формата и содржината на решенијата од ставовите (3) и (4) на овој член, ги пропишува министерот за економија.

## VIII. ТЕСТИРАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ТЕЧНИТЕ ГОРИВА

### Член 81

(1) Утврдувањето на квалитативните својства на нафтените деривати и горивата за транспорт ги врши Бирото или акредитирана лабораторија, чија компетентност е потврдена согласно со правилата за акредитација или согласно соодветните стандарди, пропишани со Законот за акредитација.
(2) Заради спроведување на постапките за утврдување на квалитетот на нафтените деривати и горивата за транспорт во Бирото се формира посебна лабораторија.
(3) Бирото во чиј состав работи и лабораторијата од став (2) на овој член, е должно за потребите на сите органи на државната управа, агенции, фондови, јавни претпријатија и трговски друштва основани од државата кои при своето работење спроведуваат постапки за контрола и стручен надзор на квалитативните својства на нафтените деривати и горивата за транспорт, при увоз и користење на истите на внатрешниот пазар да ги спроведува постапките за утврдување на квалитативните својства на истите.
(4) Начинот на утврдување на квалитативните својства на нафтените деривати и горивата за транспорт се врши на начин и согласно методи кои ги пропишува министерот за економија во согласност со суштествените технички барања и соодветните стандарди.

## IX. ПАКУВАНИ ПРОИЗВОДИ

### Член 82

(1) Во Република Северна Македонија можат да се пуштаат во промет само пакуваните производи, чија количина е точно, јасно и недвосмислено означена и ако отстапувањата од означената количина е во рамките на дозволените отстапувања.
(2) Не се одбива, забранува или ограничува пласирање на пазарот на претходно пакувани производи врз основа на номиналните количини на пакувањето.
(3) Метролошкиот надзор над прометот на пакуваните производи го врши Бирото.
(4) Министерот за економија ги пропишува начинот на вршење на метролошкиот надзор и барањата кои пакуваните производи треба да ги исполнуваат по однос на количините, начинот за означување на количините и дозволените отстапувања од означената количина и листата на номиналните количини на пакуваните производи како и суштествените барања за шишињата што се користат како мерни садови.

**Член 83**

(1) Доколку се утврди дека пакуваните производи не одговараат на соодветната назначена количина, или не е јасно или е двосмислено означена количината, или отстапуваат од дозволеното отстапување, Бирото веднаш а најдоцна во рок од 48 часа, донесува решение за забрана за нивно пуштање во промет.
(2) Решението од ставот (1) на овој член може да биде издадено и во форма на електронски документи, кој се доставува на профилот на правното лице на Националниот портал за електронски услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(3) Против решението од ставот (1) на овој член, може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос постапка во рок од 15 дена од денот на добивањето на решението.
(4) Жалбата од ставот (3) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или посредникот вработен за административни услуги по електронски пат во Министерството, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(5) По исклучок на ставовите (2) и (4) од овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, решението од став (1) и жалбата од став (3) на овој член, во форма на електронски документ може да биде поднесена преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на Министерството, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(6) Жалбата не го одлага извршувањето на решението од ставот (2) на овој член.

## X. ЦЕНИ НА УСЛУГИ

**Член 84**

(1) Бирото наплатува надомест за услугите кои ги врши, а кои се однесуваат на:
1. калибрација на еталони и мерила:
2. меѓулабораториска споредба на еталони и мерила;
3. оцена на сообразност на типот на мерилата;
4. оцена на сообразност на мерилата со суштествените барања;
5. испитување на тип на мерила;
6. тестирање на квалитет на течни горива;
7. верификација на мерилата;
8. надзор над исполнетоста на условите за овластување на правните лица;
9. регистрација на ознаките и сертификатите за сообразност на типот на мерилата;
10. метролошки надзор над количините на ознаките на пакуваните производи и
11. консалтинг и обука.

(2) Висината и начинот на наплатувањето на надоместокот од ставот (1) на овој член ги пропишува Владата врз основа на потребното време, видовите на мерилата и сложеноста на постапката.

## XI. НАДЗОР

**Член 85**

(1) Надзор над примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за економија.
(2) Инспекциски надзор над примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон по однос на квалитетот на нафтените деривати и горива за транспорт пуштени на пазарот, прометот и употребата на мерилата и количините и ознаките на количините на пакуваните производи во промет, ги врши органот надлежен за работата на пазарната инспекција.
(3) Метролошки и стручен надзор над примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој и други закони по однос на употребата на законските мерни единици, исполнетоста на условите за остварување чување и одржување на националните еталони, пуштање во промет на мерилата и количините и ознаките на пакуваните производи, како и надзор над работата на субјектот каде се наоѓаат мерилата, овластените правни лица за верификација и подготовка за верификација, врши Бирото.
(4) Координација на надзорот на пазарот, согласно овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, по потреба, ќе се врши со Државниот пазарен инспекторат, Ушравата за јавни приходи и други надлежни институции.

**Овластувања на инспекторите**

**Член 86**

(1) При вршење на инспекцискиот надзор државниот пазарен инспектор ги има правата, обврските и овластувањата предвидени со овој закон и со посебните прописи каде се утврдени неговите надлежности.

**Опомена и решение**

**Член 87**

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор се утврди дека е сторена неправилност од членот 85, став 2 од овој закон, инспекторот со решение изрекува опомена и определува рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците, утврдени со записник.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, во случај кога инспекторот ќе оцени дека утврдените неправилности и недостатоци можат да предизвикаат или предизвикуваат непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето или финансиска штета или штета по имотот од поголема вредност или загрозување на животната средина или загрозување на јавниот интерес, со решение изрекува друга инспекциска мерка, како задолжување, наредба, забрана и друга мерка, доколку е утврдена со посебен закон, со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор.
(3) Доколку по истекот на рокот определен при изрекувањето на опомената од став (1) на овој член, инспекторот утврди дека неправилностите и недостатоците се уште не се отстранети, со решение изрекува друга инспекциска мерка, како задолжување, наредба, забрана и друга мерка, доколку е утврдена со посебен закон, со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор.
(4) За изречените опомени од ставот (1) на овој член, инспекторите од член 86 од овој Закон, водат евиденција.

(5) Формата и содржината на евиденцијата од ставот (4) на овој член ги пропишува министерот за економија.

**Член 88**

(1) За извршениот стручен и метролошки надзор, метролошкиот службеник кој го спроведува надзорот, составува записник во кој се внесува наодот за утврдената фактичка состојба.
(2) Записникот од ставот (1) на овој член, го потпишува метролошкиот службеник кој го спроведува надзорот и лицата кои учествуваат во постапката на стручен надзор.

**Член 89**

Доколку метролошкиот службеник при вршење на стручен и метролошкиот надзор утврди неправилности, има право и обврска на субјектот на надзор:
1. да му укаже за истите и да определи рок за нивно отстранување;
2. да му нареди да преземе соодветни корективни мерки и активности во рок што тој ќе го определи;
3. привремено да ги стави вон употреба мерилата за кои е утврдена неправилноста;
4. веднаш и без одлагање, но не подолго од 48 часа, да ја извести надлежната институција за неправилноста со записник, согласно член 88 и
5. да предложи укинување на решението за овластување на субјектот.

**Член 90**

(1) Доколку метролошкиот службеник, при вршење на стручниот и метролошки надзор утврди дека се повредени одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон по однос на употребата на законските мерни единици, ќе донесе решение за забрана за употреба на мерните единици кои не се пропишани со овој закон.

(2) Доколку метролошкиот службеник при вршење на стручниот и метролошки надзор утврди дека се повредени одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон по однос на пуштање во промет на мерилата од членот 3 став (1) од овој закон, ќе донесе решение за забрана за употреба на мерилата кои не ги исполнуваат барањата пропишани со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

(3) Решенијата од ставовите (1) и (2) на овој член, врз основа на фактите утврдени со надзорот, метролошкиот службеник ќе го донесе без одлагање, а најдоцна во рок од осум дена од завршувањето на надзорот.

(4) Доколку метролошкиот службеник, при вршење на стручниот и метролошки надзор утврди дека се повредени одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон по однос на исполнетоста на условите за остварување, чување и одржување на националните еталони, ќе изготви решение за укинување на решението за признавање еталон за национален еталон, кое го доставува до Министерството.

(5) Доколку метролошкиот службеник при вршење на стручен и метролошки надзор утврди дека телото за оцена на сообразност повеќе не ги исполнува условите утврдени во членовите 59 и 60 од овој закон, ќе изготви предлог за поведување на постапка за одземање на овластувањето кое го доставува до Министерството.

(6) Министерството во рок од 15 дена од денот на добивање на предлогот од став (5) на овој член донесува решение за одземање на овластувањето на телото за оцена на сообразност.

(7) Доколку метролошкиот службеник при вршење на стручниот и метролошки надзор утврди дека правните лица кои се овластени за вршење на периодична и вонредна верификација на мерилата повеќе не ги исполнуваат условите утврдени во членот 74 од овој закон, ќе изготви предлог за поведување на постапка за одземање на овластувањето кое го доставува до Бирото.

(8) Минстерството во рок од 15 дена од денот на добивање на предлогот од став (7) на овој член донесува решение за одземање на овластувањето на правно лице за вршење на периодична и вонредна верификација на мерилата и забрана за работа во период од две години.

(9) Доколку метролошкиот службеник при вршење на стручниот и метролошки надзор утврди дека правните лица кои се овластени за вршење на работи за подготовка на верификација на мерилата повеќе не ги исполнуваат условите утврдени во членот 74 од овој закон, ќе изготви предлог за поведување на постапка за одземање на овластувањето кое го доставува до Бирото.

(10) Бирото во рок од 15 дена од денот на добивање на предлогот од став (9) на овој член донесува решение за одземање на овластувањето на правно лице за вршење на подготовка за верификација на мерилата и забрана за работа во период од две години.

**Член 91**

(1) Против решенијата од членот 90 од овој закон може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(2) По жалбата против решението на овластениот работник на Бирото за вршење на задачите и работите на стручен и метролошки надзор, одлучува Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(3) Комисијата од ставот (2) на овој член одлуката ќе ја донесе во рок од 30 дена од денот на приемот на жалбата.
(4) Жалбата од ставот (1) на овој член може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или посредникот вработен за административни услуги по електронски пат во Министерството, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(5) По исклучок на ставот (4) од овој член, а во случај на технички прекин на функционалноста на Националниот портал за електронски услуги, жалбата од ставот 1 на овој член, во форма на електронски документ може да биде поднесена преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса на Министерството, согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.
(6) Жалбата од став (1) на овој член не го одлага извршувањето на решението.

**Член 92**

(1) Бирото спроведува системски најавени и ненајавени контроли во текот на годината.
(2) Патните и дневните трошоци од стручниот надзор кој е завршен без изрекување на мерка ги покрива Бирото.

(3) Патните и дневни трошоци од стручниот надзор кој е завршен со изрекување на мерка ги покрива субјектот на надзорот.

(4) Доколку при контролата се изречат корективни мерки и е неопходно Бирото да го контролира спроведувањето на корективните мерки, сите трошоци ги покрива субјектот врз кој е извршена контролата.

## XII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 93**

(1) Глоба во износ од 50 евра до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на економскиот оператор класифициран како микро трговец, глоба во износ од 50 евра до 1500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на економскиот оператор класифициран како мал трговец, глоба во износ 250 евра до 3000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на економскиот оператор класифициран како среден трговец и глоба во износ од 250 евра до 5000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на економскиот оператор класифициран како голем трговец, ако:
1) употребува мерни единици кои не се пропишани со овој закон, односно со прописите издадени врз основа на овој закон (член 45 став (4) од овој закон);
2) пушти во промет или во употреба мерила од членот 3 став (1) од овој закон, а кои не ги исполнуваат барањата на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и други закони за оцена на сообразноста на типот на мерилата и за верификација на мерилата (член 49 од овој закон)
3) видливо не ја означи несообразноста за пуштање во промет или ставање во употреба на мерилата што се покажуваат на трговски саеми, изложби, јавни презентации и слични манифестации (член 51 став (2) од овој закон);
4) ограничи употреба на мерила (член 51 став (3) од овој закон);
5) на мерилото покрај ознаката за сообразност – CE ознака и дополнителната метролошка ознака стави и друга ознака со која се намалува видливоста и читливоста на ознаката за сообразност и на дополнителната метролошка ознака (член 65 став (1) од овој закон);
6) на мерилото става ознаки со кои можат да се доведат во заблуда трети лица за значењето и формата на ознаката за сообразност, како и за значењето и формата на дополнителната метролошка ознака (член 65 став (3) од овој закон);
7) пушти во промет пакувани производи чија количина не е точна, јасно и недвосмислено означена и ако нивната права количина не е во рамките на дозволените отстапувања од означената количина (член 83 став (1) од овој закон);
8) не го почитува решението за забрана за пуштање во промет на пакувани производи (член 83 став (2) од ово закон);
9) постапува спротивно на член 56 став (1) од овој закон;
10) употребува мерни единици кои не се пропишани со овој закон, односно со прописи издадени врз основа на овој закон (член 51 став (3) од овој закон) и
11) не го почитува решението за забрана за пуштање во промет и употреба на мерила од членот 3 став (1) од овој закон, а кои не ги исполнуваат барањата на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и други закони за оцена на сообразноста на типот на мерилата и за верификација на мерилата (член 51 став (1) од овој закон).
(2) За прекршоците од ставот (1) на овој член на правното лице, Државниот пазарен инспектор ќе му издаде прекршочен платен налог.
(3) Глоба во износ до 15 евра до 300 во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) од овој член на одговорното лице во економскиот оператор.
(4) Глоба во износ од 15 евра до 150 во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице за дејствијата од ставот (1) од овој член.
(4) За прекршоците од ставот (1) точки 2, 3, 4, 6, 7, 8, и 10 на овој член надлежниот суд ќе му изрече на правното лице и посебна прекршочна мерка одземање на мерилата со кои е сторен прекршокот.

**Член 94**

(1) Глоба во износ од 50 евра до 900 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на економскиот оператор класифициран како микро трговец, глоба во износ од 50 евра до 2000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на економскиот оператор класифициран како мал трговец, глоба во износ 250 евра до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на економскиот оператор класифициран како среден трговец и глоба во износ од 250 евра до 8000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на економскиот оператор класифициран како голем трговец, ако:

1) не се грижи за првата верификација (член 68 став (3) од овој закон);
2) не се грижи за периодичната верификација (член 69 став (3) од овој закон);
3) не се грижи за вонредната верификација (член 70 став (4) од овој закон);
4) употребува мерило чии ознаки и жигови, односно сертификат за верификација престанале да важат (член 71 став (6) од овој закон) и
5) употребува мерило кое нема ознаки и жигови, односно сертификат за верификација (член 71 став (3) од овој закон);
(3) Глоба во износ од 50 до 300 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) од овој член на одговорното лице во економскиот оператор.
(4) Глоба во износ од 50 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице за дејствијата од ставот (1) од овој член.

**Член 95**

(1) Глоба во износ од 50 евра до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на производителот класифициран како микро трговец, глоба во износ од 50 евра до 2500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на производителот класифициран како мал трговец, глоба во износ 250 евра до 6000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на производителот класифициран како среден трговец и глоба во износ од 250 евра до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на производителот класифициран како голем трговец, ако:
1. не осигура дека мерилата се дизајнирани и произведени во согласност со суштествените барања утврдени во прописот од член 49 став (4) од овој закон ;
2. не изготви техничка документација согласно прописот од член 49 став (4) од овој закон и не ја спровел постапката за оценка на собразност од член 57 од овој закон;
3. не ја состави ЕУ изјава за сообразност и не ја прикачи ознаката за сообразност CE и дополнителна метролошка ознака, кога сообразноста на мерилото е потврдена во постапката за оценка на сообразноста ( член 52 став (1) точка 3 од овој закон) ;
4. не ја чува во својата евиденција за период од десет години сметано од денот на пуштање на пазарот на мерилото, издадената изјава за сообразност и техничката документација (член 52 став (1) точка 4 од овој закон);
5. не обезбедува податоци за исполнетоста на суштествените барања во техничката документација, како и сите податоци од значење за соодветните постапки за оценување на сообразноста за потребите на телото за оцена на сообразноста ( член 52 став (1) точка 5 од овој закон) и
6. постапува спротивно на обврските утврдени со одредбите на член 52 од овој закон.
(2) Глоба во износ од 15 евра до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) од овој член на одговорното лице во економскиот оператор.
(3) Глоба во износ од 15 евра до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице за дејствијата од ставот (1) од овој член.

(4)Покрај глобата од ставот (1) на овој член надлежниот суд ќе му изрече на производителот и посебна прекршочна мерка одземање на мерилата со кои е сторен прекршокот.

**Член 96**

(1) Глоба во износ од 50 евра до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на увозникот класифициран како микро трговец, глоба во износ од 50 евра до 2000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на увозникот класифициран како мал трговец, глоба во износ 250 евра до 5000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на увозникот класифициран како среден трговец и глоба во износ од 250 евра до

8000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на увозникот класифициран како голем трговец, ако постапува спротивно на обврските утврдени во член 53 од овој закон.
(2) Глоба во износ од 15 евра до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) од овој член на одговорното лице во увозникот.
(3) Глоба во износ од 15 евра до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице за дејствијата од ставот (1) од овој член.

**Член 97**

(1) Глоба во износ од 50 евра до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на дистрибутерот класифициран како микро трговец, глоба во износ од 50 евра до 1800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на дистрибутерот класифициран како мал трговец, глоба во износ 250 евра до 4500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на дистрибутерот класифициран како среден трговец и глоба во износ од 250 евра до 9000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на дистрибутерот класифициран како голем трговец, ако постапува спротивно на обврските утврдени во член 54 од овој закон.
(2) Глоба во износ од 15 евра до 400 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) од овој член на одговорното лице во дистрибутерот.
(3) Глоба во износ од 15 евра до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице за дејствијата од ставот (1) од овој член.

**Член 98**

Глоба во износ од 50 евра до 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на тело за оцена на сообразност класифициран како микро трговец, глоба во износ од 50 евра до 1500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на тело за оцена на сообразност класифициран како мал трговец, глоба во износ 250 евра до 4000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на тело за оцена на сообразност класифициран како среден трговец и глоба во износ од 250 евра до 7000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на тело за оцена на сообразност класифициран како голем трговец ако не постапи по обврската и во рокот утврден во член 61 став (7) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 15 евра до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) од овој член на одговорното лице во телото за оцена на сообразност.

**Член 99**

Глоба во износ од 50 евра до 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице овластено за подготовка на мерила за верификација класифициран како микро трговец, глоба во износ од 50 евра до 1500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице овластено за подготовка на мерила за верификација класифициран како мал трговец, глоба во износ 250 евра до 3000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице овластено за подготовка на мерила за верификација класифициран како среден трговец и глоба во износ од 250 евра до 5500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице овластено за подготовка на мерила за верификација калсифициран како голем трговец ако постапува спротивно на обврските и рокот утврден во член 74 став (9) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 15 евра до 350 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) од овој член на одговорното лице во правното лице овластено за подготовка на мерила за верификација.

**Член 100**

Глоба во износ од 50 евра до 800 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице овластено за верификација на мерила класифициран како мал трговец, глоба во износ 250 евра до 6000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице овластено за верификација на мерила класифициран како среден трговец и глоба во износ од 250 евра до 7000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице овластено за верификација на мерила калсифициран како голем трговец ако постапува спротивно на обврските и рокот утврден во член 74 став (21) од овој закон.
(2) Глоба во износ од 15 до 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок за дејствијата од ставот (1) од овој член на одговорното лице во правното лице овластено за верификација на мерила.

**Член 101**

За прекршоците од членовите 93, 94, 95, 96, 97, 98, 99 и 100 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

**Член 102**

(1) За прекршоците од членовите 93, 94, 95, 96, 97, 98, 99 и 100 од овој закон државниот пазарен испектор, односно овластеното лице за вршење на инспекциски надзор пред поднесување на барање за прекршочна постапка за прекршоците предвидени во овој закон, води постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.
(2) За прекршоците утврдени во овој закон, државниот пазарен испектор, односно овластеното лице за вршење на инспекциски надзор може на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.
(3) По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог, сторителот на прекршокот е должен да ја плати изречената глоба согласно наведените членови во ставот (1) на овој член, во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.
(4) Сторителот на прекршокот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (3) на овој член, ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука. Ако сторителот на прекршокот не ја плати глобата во рокот од ставот (3) на овој член, државниот пазарен инспектор, односно овластеното лице за вршење на инспекциски надзор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.
(5) Државниот пазарен инспектор, односно овластеното лице за вршење на инспекциски надзор се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.
(6) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за економија.

## XIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 103**

(1) Поблиските прописи за спроведување на овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) Прописите донесени врз основа на Законот за метрологија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 55/02, 84/07, 120/09, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/15, 53/16, 64/18 и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.215/21) ќе се применуваат до донесувањето на прописите од ставот (1) на овој член.

**Член 104**

Започнатите постапки пред денот на влегувањето на сила на овој закон ќе продолжат согласно Законот за метрологија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 55/02, 84/07, 120/09, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/15, 53/16, и 64/18 и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.215/21).

**Член 105**

Ознаките и сертификатите за оцена на сообразност на типот на мерилата (решенија за одобрение на тип на мерило), како и ознаките и жиговите, односно сертификатите за верификација на мерилата (жигови, односно уверенија за исправност на мерило), кои се издадени пред влегувањето во сила на овој закон, остануваат да важат под условите и роковите утврдени во прописите врз основа на кои се издадени се до донесување на прописите врз основа на овој закон.

**Член 106**

(1) Економските оператори се должни да го усогласат своето работење со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) Мерилата коишто се произведени или пуштени во промет од економските оператори согласно прописите што се во сила на денот на влегување во сила на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, се пуштат во промет или во употреба до истекот на нивното одобрение за тип на мерило.
(3) Мерилата од ставот (2) на овој член, се пуштаат во промет и по истекот на рокот на одобрението, по нивна повторна верификација и доколку се во согласност со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

**Член 107**

(1) Одредбите на членовите 2 став 22, 11 став (2), 50, 51, 52, 53, 54, 55, 56 и 57 став (3) од овој закон ќе отпочнат да се применуваат со пристапот на Република Северна Македонија во членство на Европската унија.
(2) Одредбите од член 74 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат во рок од шест месеци од истекот на рокот од член 106 став (1) од овој закон.

**Член 108**

Директорот на Бирото именуван до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

**Член 109**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за метрологија (“Службен весник на Република Македонија” бр. 55/02, 84/07, 120/09, 136/11, 41/14, 192/15, 53/16, 64/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 215/21).

**Член 110**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Северна Македонија”.